магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 64 страници
Година 2 Број 10
Декември 2023 г.
Цена 150 ден.




ТЕМА

## ЖЕНИТЕ ГО ВЛАДЕАТ СВЕТОТ

**ОБРАЗОВАНИЕ**
Заврши годината без учебници

**КОЛУМНА**
Проф. д-р Александар ДАШТЕВСКИ, професор на Универзитетот Скопје

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**
Интервју со Василка Поповска-Треневска

ISSN 2671-3934

www.magazinturizam.mk




Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: **Анастасија ИЛИЕСКА,** поранешна директорка на УЈП 4



ОБРАЗОВАНИЕ: **Заврши годината без учебници** 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Александар ДАШТЕВСКИ,** професор на Универзитетот Скопје 18



ТЕМА: **Жените го владеат светот** 20



МОЈА ОПШТИНА: **Кејт ГАЛЕГО, градоначалничка која сака да им покаже на жените дека сè е возможно** 26



РЕПОРТАЖА: **Белград блесна со модерни проекти** 32



ДУРБИН: **Низа награди за УТМС** 40



ИДНИНА: **Разговор со Светлана ЦРНОКРАК, дипломка на Универзитетот Скопје** 44



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Василка ПОПОВСКА-ТРЕНЕВСКА** 50



КОМПАРАЦИЈА: **Празничната еуфорија дома и во светот** 56

ЗПГМ ЗПГМ

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ**




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*




М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# 2024 – ГОДИНА НА НОВА НАДЕЖ!

*Почетокот на годината носи нова надеж за подобра живејачка, за промени и нови предизвици. Глобално треба да се очекува дека годината што претстои ќе биде исполнета со многу тековни предизвици чиј интензитет е тешко да се предвиди. Ќе доминираат инфлацијата, високите цени на енергенсите и растот на каматните стапки, кои ќе го отежнуваат економскиот амбиент.*

*Во Македонија на политички план ќе биде изборна година. По сите турбуленции, граѓаните сакаат мир и стабилност, но се во грч од инфлацијата, која удри по нивниот џеб. Бизнис-заедницата, пак, очекува стабилизирање на економијата и даночна предвидливост.*

*Во ова време-невреме, најскапоцениот ресурс остануваат луѓето, но, за жал, Македонија се празни. Годишно државата ја напуштаат во просек по 12.000 граѓани. Ако продолжи овој тренд, за 50 години ќе бидеме помалку од еден милион и триста илјади луѓе. Дали црната демографска иднина за Македонија ќе ги освести надлежните?*

*Државава мора да инвестира во човечкиот капитал, во подобрување на продуктивноста и постојано да прави кампањи за да го спречи одливот на мозоци.*

*Младите квалитетни кадри си одат од Македонија барајќи подобри услови за личен и за професионален развој. Некогаш самата плата и не е воопшто главната причина за „пакување на куферите“. Нерешените општествени проблеми и негативното опкружување ги тераат квалификуваните млади да напуштат и добри позиции.*

*За да ги задржиме младите дома, потребно е да имаме квалитетно образование, да вложуваме во нашите таленти и да создадеме амбиент за подобра иднина.*

*Оптимизам има, верба исто така, но, пред сè, надеж за подобра 2024 година!*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## АНАСТАСИЈА ИЛИЕСКА,

### поранешен директор на Управата за јавни приходи, екс-државен секретар во МВР и поранешен советник за безбедност на Претседателот на државата







Илиеска: „Најголем приоритет на граѓаните во Македонија им се економијата и високиот стандард."

# ИЛИЕСКА: ЗДРАВОТО ОПШТЕСТВЕНО ТКИВО ЦЕЛОСНО РАЗГРАДЕНО ОД КОРУПЦИЈА И ОД СИВА ЕКОНОМИЈА

**Корупцијата е сериозен проблем за Македонија. Ја задушува економијата и  сериозно го контаминира воздухот кој го дишат фирмите, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент Анастасија Илиеска, поранешен директор на Управата за јавни приходи, екс-државен секретар во МВР и поранешен советник за безбедност на Претседателот на државата. Таа анализира дека сивата економија во Македонија е поголема од 33% од БДП, што би било дополнителни 795 милиони евра приливи годишно од даночни приходи во буџетот. Само за споредба, просекот во земјите на Европската Унија е 19,4% од БДП. Илиеска во интервјуто зборува и за инфлацијата и за владините мерки, кои ги оценува како козметички, површни и периодични, и кои не создаваат сигурност и иднина.**

**Македонија поминува низ уште една криза. По енергетската, дојде и економската. Како се справува власта со предизвикот со кој се соочуваат земјите во светски рамки? Колку ќе им помогнат антикризните мерки на граѓаните, но и на бизнисот?**

Според сите мерења и анкети, најголеми приоритети на граѓаните во Македонија им се економијата и високиот стандард. По однос на тоа прашање, без исклучок, секој граѓанин е засегнат, без разлика на останатите лични определби и статус. Ситуацијата во која се наоѓа државава во сферата на економијата во последниве години, умерено е да се каже дека е на незавидно ниво.

Системски решенија за надминување на предизвиците што ги носи со себе секоја криза, решенија што се суштински, одржливи и кои овозможуваат раст и развој, несериозно

е да се заменат со владини мерки и одлуки. Притоа, истите се козметички, површни и периодични, и не создаваат сигурност и иднина.

Државниот завод за ревизија тоа недвосмислено го потврдува во некои од своите извештаи. Процентот на искористеност на мерките е сериозно низок, што укажува на тоа дека политиките за поддршка не се правилно таргетирани. Мерките што ги донесе Владата во изминативе години за кои се потрошени значителни буџетски средства, не ја овозможија очекуваната поддршка како за стопанството, така и за одржување на стандардот на граѓаните.

Бројот на затворени фирми секоја година е сè поголем, факт што алармира дека стопанството е доведено до работ на амбисот. Ова се последиците од непосветеното работење и од погрешните одлуки што се носат, без притоа фокусот сериозно да се стави на растот на економијата.

Во минатата година овој период, истата оваа Влада поднесе измени на закони во насока на зголемување на даноци на прехранбени производи, укинување на ослободувања од оданочување со данокот на добивка, најава за нов закон за данок на солидарност. Тоа беше период кога стапката на инфлација беше речиси 20%, а само три месеци претходно, Владата прогласи кризна состојба (од 1 септември 2022) во снабдувањето со електрична енергија и со топлинска енергија. Во такви околности, одлука за донесување антикризни мерки е пологична отколку во условите што ги имаме денес, кога стапката на инфлација е пониска, а цената на енергијата на светските берзи е стабилизирана. Единствено што сега сме период  на предизборен процес. Токму поради временскиот период во кој се носат, овие мерки создава простор за сериозно согледување на намерата на Владата при нивното усвојување, а тоа е за подобрување на рејтингот на владејачката гарнитура.

**Колку ги слуша власта стопанствениците и носи ли регулативи што ќе ѝ бидат од полза на економијата?**

Дејствувањето на Владата во изминативе седум години е препознаено како непредвидливо и нестабилно, често ретерирање од законски решенија и политики, воведување повисоки даноци, носење неприспособени закони, со што создаваа услови на нездрава клима за економско стопанисување.

Во услови на низок раст подолг период и на висока инфлација, продуктивноста на работниците е на ниско ниво, поради што е генерирано незадоволство од ниските плати и од високите цени на храната и на енергијата.

Во ситуација кога од страна на Владата секојдневно добиваме имагинарна слика дека се движиме кон поголем раст, показателите од релевантни домашни и меѓународни институции покажуваат дека растот на БДП за третиот квартал е 1,2%, континуирано понизок од планираниот.

Споредбено од сите земји во регионов, имаме најниска стапка на раст на БДП, што е показател дека несоодветните економски политики неколку години наназад ја уништуваат економската околина.

**Дали сметате дека замрзнувањето на цените на одредени производи, а од друга страна, зголемувањето на данокот од 5 на 10 проценти, се мерки што ќе донесат позитивни резултати и кои им помогнат на домаќинствата?**

Секоја година значително се зголемува бројот на граѓани кои живеат во екстремна и умерена сиромаштија. Во едно просечно семејство, дури 80% од приходите се трошат за набавка на храна, а инфлацијата цените на прехранбените производи ги зголеми дупло повеќе од објавената месечна стапка на инфлација.

Оттука, најголемата нелогичност е одлуката на Владата да се замрзнуваат цени на



Илиеска: „Она што генерациски имаме одговорност е да ја спасиме Македонија од епидемиите што ја имаат зафатено."

прехранбени производи, а притоа во истиот ден, со закон да се зголемува данокот на додадена вредност на прехранбени производи. Дополнително, зголемувањето на данокот на додадена вредност на прехранбени производи во време на висока инфлација нема логична и економска оправданост.

Ова е само една нелогичност од многуте со кои Владата постојано во државава создава клима на нестабилност и на неизвесност.

**Што се презема за намалување и за сузбивање на работата и на заработувачката во сивата зона? Како да им се стави крај на овие нерегуларности?**

Постојат појави кои ја задушуваат економијата, а власта е таа која е потребно да презема политики, мерки и дејствија во насока на сузбивање на задушувачите. Во државава сериозен е делот кој отпаѓа на сива економија и кој сериозно го контаминира воздухот што го дишат фирмите.

Непреземањето мерки и активности во борбата против неформалната економија, ги профилира виновниците. Сивата економија е потребно да се сфати како директна и конкретна закана за економскиот систем на земјата, која произведува длабоки и комплексни последици во иднина.

Според проценките на домашни релевантни фактори и на меѓународните финансиски институции, сивата економија во Македонија е поголема од 33% од БДП или тоа би биле дополнителни 795 милиони евра годишни приливи од даночни приходи во буџетот. Само за споредба, просекот во земјите на Европската Унија е 19,4% од БДП.

При оценувањето на реализацијата на стратегијата за формализација на сивата економија за периодот од 2018 до 2022, се нотира дека во овој дел нема никаков прогрес, наведените мерки не се отпочнати да се спроведуваат и нема владин извештај кој демонстрира кој е напредокот во борбата со сивата економија.

Впрочем, со последниот извештај на Европската комисија со нагласен критички тон за клучните реформски приоритети, се нотира ограничен напредок во справувањето со сивата економија и неефикасност на државната помош.

**Колку ја чини сивата економија нашата држава со толеранцијата што се случува? До кога фирмите што плаќаат давачки кон државата ќе можат да го издржат товарот од неплаќачите?**

Сивата економија државата ја чини прилично многу. За една година ја чини колку автопатските делници на Коридорот 8 и на


Илиеска: „Бројот на затворени фирми секоја година е сè поголем, факт кој алармира дека стопанството е доведено до работ на бездната.“

Коридорот 10-д, или колку изградба на четири клинички центри.

Нерамноправноста меѓу субјектите што работат во формалната економија и субјектите во неформалната економија доаѓа од тоа што вторите не учествуваат во финансирањето на заедничките потреби, попрецизно, не се извор на јавни приходи, а од друга страна, ги користат сите јавните добра подеднакво како и субјектите од формалната економија што ги обезбедуваат приходите во буџетот.

Оправдувањето на сивата економија со наводни аргументи за ублажување на социјалните разлики е погрешно. Таа многу повеќе ги продлабочува класните разлики. Цената од несправување со сивата економија од страна на државата на крајот ја плаќаат совесните и дисциплинирани економски субјекти, што негативно се одразува на финансиската кондиција на компаниите што работат согласно законите.

**Колку власта ги обесхрабрува компаниите поради непреземање мерки за сузбивање на сивата зона?**

Толеранцијата на сивата економија сериозно ја нарушува конкуренцијата и ги става во нерамноправна позиција економските субјекти што се борат на пазарот, а со тоа создава долгорочни последици врз економијата.

На своите купувачи имаат можност да им понудат пониска цена во споредба со субјектите кои работат законски и плаќаат јавни давачки и на тој начин постепено ги истиснуваат од пазарот. Субјектите кои делуваат во зоната на сивата економија имаат помали расходи и поради тоа акумулираат поголема добивка, во форма на готовина која е надвор од системот на државата за платен промет. Големата профитабилност и брзиот поврат на вложените средства на субјектите кои работат во зоната на сивата економија, во секоја понатамошна фаза на извршен промет се мултиплицира, што со текот на времето им

овозможува економско  зајакнување.

Стапката на неплатени јавни давачки кај субјектите во сивата зона е 66%, кои 66% субјектите во формалната економија за јавни давачки ги плаќаат на соодветни органи и буџетски сметки.

Сивата економија предизвикува економски последици поради која е тешко да се остварат приходите, а тоа рефлектира помала реализација на буџет, наметнува состојби во кои се задолжува државата, како и зголемување на даночниот товар на регистрираните даночни обврзници. Неоправдано е приходите што државата не успеала да ги собере со формализирање на сивата економија, да ги надоместува со политики за зголемување на даноците или воведување други давачки за економските субјекти кои во континуитет ги пријавуваат и ги плаќаат своите финансиски обврски кон државата.

Толерирањето на сивата економија од страна на државните институции и несериозниот пристап на владата за нејзино намалување и сузбивање води кон намалување на довербата на економските субјекти во институциите на државата.

Интенцијата на лицата кои профитираат во сивата зона на економијата е да го внесат заработениот кеш  во регулираните текови на системот, поточно да ги „исперат“ парите.

Нивната стекната финансиска сила, создадена од непочитување на законите, ја користат за силна доминација во формалниот сектор на економијата.

Власта, со непреземање мерки за сузбивање на субјектите кои делуваат во неформалната економија, дозволува да се истиснува здравата конкуренција на пазарот, а на тој начин дозволува да се заробат економијата и општеството.

Поради тоа, сивата економија, освен што е економско прашање, претставува и длабоко општествено прашање. Финансиските средства остварени со работење во сивата зона на економијата овозможуваат материјални и финансиски добра на лица кои во постапка пред институции не би можеле да го докажат потеклото на  нивниот имот. Постои пропишана регулатива во Законот за данокот на личен доход која дава можност за зафаќање на непријавениот доход и оданочување на истиот со стапка од 70%, што е репресивен инструмент за сузбивање на последиците. Ретерирањето својствено при спроведувањето политики изминативе години при практикување на власт, имавме можност да го видиме и при носењето одлука за намалувањето на износот за плаќање со употреба на готовина при промет на стоки и услуги до износ од 30.000 денари, кое по краток период се врати на постојното решение. Тоа е показател за сериозноста на пристапот кон овој проблем. Битката против сивата економија треба да е неприкосновена, фокусот треба да е ставен врз нејзино формализирање или елиминирање, зашто толеранцијата и неказнивоста ја зголемува дисторзијата и го руши системот. Немањето политичка волја во изминативе години како и незначителното дејствување на надлежните чинители се главните причини за високата застапеност на сивата економија во државава. Креаторите на економските политики не презедоа сериозни мерки за системско и институционално сузбивање на неформалната економија. Политичката индиферентност и пасивноста во поглед на намалувањето на сивата економија кај јавноста формираат перцепција дека корупцијата е една од главните причини за високата стапка на неформална економија кај нас.

**Колку успева Владата да ја сузбие корупцијата? Познато е дека многу меѓународни институции во секој извештај како главен проблем ја нотираат корупцијата. Корупцијата е еден сериозен проблем за кој сè погласно зборуваат и амбасадорите во земјава порачувајќи**



Илиеска: „Работата на Владата во изминативе седум години е препознаена како непредвидливо и нестабилно."

**дека во Македонија има епидемија од корупција?**

За жал, граѓаните многу порано ја чувствуваат оваа епидемија, многу порано пред таа да е констатирана од страна на меѓународниот фактор и меѓународните организации, кои реагираат на создадените последици. Основна причина за присутната системска индиферентност и несовесното раководење е корупцијата. Изминатите години од Владата не видовме сериозна заложба во борбата против корупција, па поради тоа таа е на највисоко ниво од осамостојувањето на државава. Корупцијата е длабоко навлезена во порите на државните системи од највисоко до најниско место и длабоко ги има разорено скоро сите институции. Таа ситуација е евидентирана и констатирана, и поради тоа индексот за перцепција на корупција секоја година по 2017 година расте.

Според „Транспаренси интернешнал", веќе три години по ред сме рангирани над 100. место според индексот на перцепција на корупцијата, а борбата со корупцијата во изминатава година стагнира.

Според фондацијата „Херитич", која рангирањето на државите го прави според степенот на борба со корупција, владеењето со правото, интегритетот на институциите и останати показатели, по 2017 година, кога сме биле на 21. место, актуелната влада нивото постојано го зголемува, па во 2020 година сме на 31. место, а оваа година стигнавме до 56. место.

Во Извештајот од Светска банка објавен оваа година, дијагностицирана е сериозна состојбата во државава, каде што е нотирано слабо владеење и лоша контрола на корупцијата, кои продолжуваат да го поткопуваат развојот на Македонија. Дополнително, политизацијата на јавниот сектор, покрај честите промени на министерското раководство, промените во политиките и вкоренетите интереси, го забавуваат спроведувањето на реформите. Сериозноста на извештаите и состојбата која е констатирана во нив е повеќе од алармантна кога е потребно недвосмислено да се почне борбата против корупцијата.

Претходново се потврдува со тоа што Владата ја реализирала стратегијата за сузбивање на корупцијата незначителни 20%, а реализацијата во последната година е само симболични 10%.

Во ситуацијата во која што се наоѓаме, институциите се тие што ги прикриваат корупцијата и криминалот, наместо да ги спречуваат и да ги сузбиваат, што впрочем е нивна надлежност и функција. Корупцијата е институционализирана до степен што

најголемите индиции за коруптивни случаи потекнуваат од највисоките раководни структури во институциите назначени од Владата.

За да се искорени корупцијата, особено високата корупција, преку која милиони се одлеваат надвор на приватни сметки, потребно е да постои сигурност и предвидливост дека правдата ќе ги стигне корумпираните.

Независни проактивни истраги, ефикасност на обвинителството, судството кое има клучна улога во борбата против корупцијата, делување на сите надлежни институции во борба против корупцијата на сите нивоа неопходно е потребно.

**Јасен сигнал за корупција има и кај државните тендери и јавните набавки, особено кај договорите во четири очи. Каде го гледате решението особено во набавките на државните институции?**

Трендот во делот на јавните набавки каде што се појавува ниска конкуренција и посакувани победници, дополнително зајакнат со слаба контрола на реализацијата, се потврдува со фактот дека дури 88% од јавните набавки за време не пандемијата се без објавен оглас. Да потенцирам дека кризните состојби во изминативе години се злоупотребуваа за доделување средства без пропишани постапки за избор во четири очи, а бевме и сведоци на отпишување обврски на компании. Прв чекор на оваа власт беше промена на Законот за јавни набавки и негово релаксирање во делот на укинување на контролниот фактор на постапките за јавни набавки, со што создаде простор за коруптивни можности, кој во изминативе години е прилично простран и во континуитет се проширува. Отсуството на контролните механизми ја храни селективноста при доделувањето на буџетските средства и создава можност за појава на корупцијата.

Покрај злоупотребата на буџетски средства, злоупотребени се и средства што се дадени на државава од страна на ЕУ-фондови. Од 36 истраги на ОЛАФ за злоупотреба на ЕУ-фондови дадени на земјите од Западен Балкан, дури 18 се однесуваат за фондовите дадени на Македонија. Истрагите се однесуваат за период од 2017 до 2022 година, и притоа се дадени препораки земјата-корисничка да ги врати злоупотребените средства. За евидентираните злоупотреби на соодветните власти во земјата, предметите се предаваат за да се отворат истраги за криминал.

Во извештајот на ЕУ е нотирано дека се генерира корупција за проекти како што е изградба на коридорите 8 и 10-д, проект кој на самиот почеток се поврзува со сомнежи за корупција. Високиот „данок“ на корупцијата предизвикува домашниот бизнис да не се развива и квалитетниот странски капитал да не сака да инвестира во земјата. Корупцијата е таа што ја јаде економијата, со што истовремено ја јаде Македонија.

Владата ја доведе државава до степен во рамките на НАТО да имаме статус на најкорумпирана држава. Ако сакаме да бидеме рамноправни партнери, неопходно е да расчистиме со корупцијата и со криминалот.

Криминалот и корупцијата не се решаваат со намалување на казните во Кривичниот законик, и поради таа ситуација дури 85% од граѓаните сметаат дека корупцијата во државата расте. Пропуштеното време не може да се надомести, а граѓаните губат верба во државата, поради што сѐ почесто носат одлука својата иднина да ја градат и даноците да ги плаќаат во друга земја. Она што генерациски имаме одговорност е да ја спасиме Македонија од епидемиите што ја имаат зафатено, а за генерациите што доаѓаат, овие состојби да останат само во учебниците како лекција како не треба да се однесуваме кон државата.

# МАКЕДОНСКО ОБРАЗОВАНИЕ: ЗАВРШИ ГОДИНАТА БЕЗ УЧЕБНИЦИ – НАМЕСТО ЗНАЕЊЕ, УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ДОБИЈА КОНФУЗИЈА

Критиките од УНИЦЕФ треба Владата на Македонија и ресорното министерство сериозно да ги сфатат, бидејќи ако сакаме да имаме квалитетно образование, треба сериозно да вложиме во него. Развиените држави издвојуваат меѓу 3% и 6% од БДП за образованието, а нашите вложувања не можат ниту да се измерат. Со вакви реформи нема ништо да направиме, само ќе го уназадиме образованието. Едно мора да им биде јасно на сите политичари, дека со образование, здравство и судство не треба да се импровизира, порачува м-р Мите Ристов, професор по географија во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Битола.



**М-р Ристов: „Со вакви реформи, само ќе го уназадиме образованието.“**
*Извор: umno.mk*



Дојде и крајот на првото полугодие, а на училишните клупи сè уште ги нема сите учебници. Најголем недостиг имаат шестите одделенија, но во некои училишта учебници немаат и другите одделенија. Менаџерите на училиштата и професорите велат дека немаат повеќе оправдување пред родителите за, како што велат, безредието кое владее во образованието. Ресорниот министер на секојдневните обвинувања вели дека директорите на училиштата не доставиле точен број на ученици кои треба да добијат учебници, па затоа има недостиг по одредени предмети во одредени училишта. Но, сето ова, почнувајќи од пандемијата поради која наставата се одвиваше од дома наместо во училишните клупи, донесе и лоши резултати на ПИСА-тестирањето. Тоа ја загрижи јавноста, која го поставува прашањето каков образовен систем има Македонија и какво знаење добиваат учениците. Еве што покажува најновиот извештај од ПИСА-тестот за 2022 година:

Македонските ученици постигнаа пониски резултати од просекот на меѓународното ПИСА-тестирање на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), и тоа во сите три области – читање, математика и наука.

Просечните резултати за минатата година се полоши од оние во 2018 година во сите три тестирани области. Подобри резултати во 2022 година има по математика за разлика од оние во 2015 година, додека резултатите по читање и наука се на нивото кое последен пат било забележано во 2015 година.



**Учениците под нивото на ОЕЦД.**
*Извор: fakulteti.mk*



Триесет и четири отсто од учениците во Македонија постигнале ниво 2 по математика, што е далеку од просекот на ОЕЦД од 69%. Дваесет и шест отсто од учениците во земјава постигнале ниво 2 или повисоко во читање, а просекот на ОЕЦД е 74%.

Триесет и пет отсто од учениците во Македонија постигнале ниво 2 или повисоко во областа на науката, а просекот на ОЕЦД е 76%.

Во земјава, според извештајот, речиси и да нема ученици со врвни резултати во наука, односно ученици кои достигнале ниво 5 или 6, а просекот на ОЕЦД е 7%.

Професорот по географија м-р Мите Ристов од гимназијата „Јосип Броз Тито" во Битола смета дека промените треба да се случат во сите сегменти. Но, дали ја научивме лекцијата за време на пандемијата или се вративме години наназад?

***„Сите се согласуваме дека реформи се потребни во образованието, но не на овој начин. Оставете ги реформите да ги прават заедно наставниците, универзитетските професори, односно фелата, која најдобро знае кои се проблемите и потребите на наставниците, но и на учениците.***

***Пандемијата со Ковид-19 само покажа колку образовниот процес зависи од наставниците и колку се тие важна алка за успешен воспитно-образовен процес. Но, политичарите и административците во Министерството за образование и наука и во Бирото за развој на образованието, кои немаат никакво искуство со работа во директна настава, не го препознаа тоа. Наместо заеднички да ги надминеме проблемите и предизвиците, сакаа сами да го сторат тоа.***

***Промените во образованието треба да се случат во сите сегменти. Почнувајќи од наставните програми, учебници, промена на начинот на оценување, подобрување на условите за работа, повисока плата за наставниците, додатоци на плата, кои ќе го издвојат квалитетниот наставник пред останатите, но ќе ги мотивира и останатите, заштита на наставниците од надворешни влијанија, како ургенции за оценка и сл. Промените не можат да се случат наеднаш, но е потребна визија која ќе ги води сите наредни министри и директори кон исполнување на целта"***, вели професорот по географија м-р Мите Ристов.



М-р Ристов: „Потребна е визија која ќе ги води сите наредни министри и директори кон исполнување на целта."
*Извор: fakulteti.mk*

Причините за лошите резултати од ПИСА-тестот треба да се бараат на повеќе нивоа во образовниот систем, смета професорот м-р Мите Ристов. А тоа го потврди и УНИЦЕФ, од каде имаше критики и порачаа дека државата треба да биде сериозно загрижена за лошите резултати, кои покажуваат до каде е образованието во нашата земја.

***„Проблемите се евидентни. Лоши наставни програми, уште полоши учебници, недоволно обучен наставен кадар, користење стари методи на работа, систем на сто проценти одлични ученици, учење напамет без логичко и критичко поврзување на наставните содржини, влијание врз оценувањето на наставниците итн. Нема една квалитетна работа која би можел да ја наведам во овој случај. Ќе треба многу да се работи за да се искачиме некое место повисоко на овие или слични тестирања"***, вели професорот по географија м-р Мите Ристов.

И додека меѓународните тестирања констатираат дека Македонија има лоши резултати во образованието, државата сè уште нема испорачано учебник по историја и географија. Причината според министерот за образование е бидејќи никој не се пријавил за рецензент на учебникот на објавениот тендер. Професорската фела не се согласува со владината одлука два предмети по историја и географија да бидат споени во еден учебник. Професорите сметаат дека наместо знаење, се добива само конфузија.

***„Квалитетните учебници се една од алката за градење на квалитетно образование. Но, учебниците претставуваат последното скалило на образованието. Претходно треба да се изработат квалитетни наставни програми по соодветниот предмет, со кои ќе треба да ги придобиете наставниците на своја страна бидејќи тие се имплементаторите на програмата, и на крајот, да им овозможите на наставниците и на учениците достоинствени услови и средства за работа и поучување. За жал, во нашиот случај, ниту имаме квалитетни наставни програми, ниту квалитетни учебници, а условите за работа во некои училишта се полоши од оние по Втората светска војна.***

***Спојувањето на историјата, географијата и граѓанското образование во еден предмет, не само што прави конфузија кај учениците туку прави конфузија и кај наставниците. Целта на***

***Министерството за образование и наука со спојувањето на предметите беше да се интегрираат овие предмети меѓу себе, но со предложената наставна програма не гледаме никаква интеграција, туку конфузија“***, вели м-р Мите Ристов, професор по географија.

Го прашавме професорот дали смета дека со помошните материјали, како што се одвива во моментов наставата, учениците добиваат доволно знаење?

***„Помошните материјали се само извадоци од некој учебник, и сето ова личи на една голема игра во која сите си играат образование. Кога образовна реформа правите стихијно, без поддршка од базата, со еден куп недоречености и недоумици во имплементацијата, не може да произлезе квалитетна реформа. Со помошните материјали само се крпат празнините кои произлегоа од новата Концепција во образованието. Времето ќе покаже колку сме ги осакатиле учениците со т.н. квалитетни знаења“***, вели професорот по географија м-р Мите Ристов.

Како се одвива наставата во моментов по предметот Географија?

***„Наставата по предметот Историја и општество за шесто одделение се одвива хаотично. За организација на наставата по овој предмет, каде што е и географијата, БРО испрати до сите училишта насоки за постапување, па во моментот наставата се одвива противзаконски. Според член 14 од Законот за наставници и стручни соработници, работното време на наставникот е дефинирано на максимум 23 наставни часа неделно. БРО, со еден допис, ги обврзува наставниците кои ќе го предаваат новиот предмет Историја и општество во шесто одделение да држат повеќе часови неделно. На пример, географ кој би предавал на 5 класа, ќе треба да чека да дојде модулот географија, кој треба да се предава 3 часа неделно, што се 15 часа, плус постојните 15 часа, се доаѓа до вкупно 30 часа неделно во тој период. Ниту физички, ниту ментално е возможно секој ден да имате по 6 часа. Каде се гледа овде интеграцијата на предметите? Историчарите си предаваат за стари цивилизации, географите за ориентација во просторот, каква глупост! И на крајот на учебната година, секој наставник си пишува своја оценка! Само дезинтеграција! Ќе оставиме да помине оваа учебна година и да видиме со што всушност ќе***

М-р Ристов: „Квалитетните учебници се една од алките за градење на квалитетно образование.“
*Извор: Слободен печат*





***се справуваме како наставници“***, вели професорот по географија м-р Мите Ристов.

Колку и зошто е важен предметот Географија за нас, како општество?

***„Секој предмет си има свое значење, но географијата е наука која им е блиска на учениците, наука со која лесно можат да се поврзат и да го спознаат светот. Географските вештини се основни вештини кои ви го отвораат прозорецот кон светот. Преку нив ги спознавате најзначајните карактеристики на планетата Земја, различните народи и култури, влијанието на човекот врз природата и врз нејзиното загадување. Всушност, географски неписмен човек не знае ништо за светот, тој не може да се вклопи во општествените текови и е целосно дезориентиран. Токму тоа ги учи учениците на толеранција, прифаќање на различности, хуманист, екологија, нешта што му се неопходни на едно општество“***, вели професорот по географија м-р Мите Ристов.

Со секое кроење на буџетот во изминатите години, се намалува ставката во образованието. Колку се унапредува или се уназадува позицијата на образованието?

***„Токму критиките од УНИЦЕФ треба Владата на Македонија и ресорното министерство сериозно да ги сфатат, бидејќи ако сакаме да имаме квалитетно образование, треба сериозно да вложиме во него. Развиените држави издвојуваат меѓу 3% и 6% од БДП за образованието, а нашите вложувања не можат ниту да се измерат. Со вакви реформи нема ништо да направиме, само ќе го уназадиме образованието. Едно мора да им биде јасно на сите политичари: со образование, здравство и судство не смее да се импровизира. Едните правеа екстерно оценување со казни, другите ги измешаа лончињата со предметите. Оставете ја фелата да донесе стратегија за развој на образованието, да направи коренити реформи, а потоа вие, политичарите, натпреварувајте се меѓусебно кој ќе успее да имплементира повеќе од таа програма. Само така образованието ќе оди напред и ќе се унапредува“***, смета професорот по географија м-р Мите Ристов.

М-р Ристов: „Времето ќе покаже колку сме ги осакатиле учениците со т.н. квалитетни знаења.“
*Извор: MARCUS BRANDT*



КОЛУМНА

Пишува: проф. д-р Александар Даштевски, професор на Универзитетот Скопје

# АКО САКАТЕ ДА УНИШТИТЕ ЕДЕН НАРОД, ДОВОЛНО Е ДА ГО НАМАЛИТЕ КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО



Знам дека ова е многу често употребувана фраза, дека е "Deja Vu", но морам да ја употребам повторно, бидејќи квалитетот на образованието во нашата држава не само што е паднат, туку забрзано оди во слободен пад.

Имено, условно речено, новиот Закон за високо образование од мај 2018 година, кој беше помпезно најавуван, воопшто не функционира. Всушност, Агенцијата за квалитет, која требаше да има главна улога во функционирањето на високообразовните институции, досега не ја исполни својата задача. Тоа е делумно, пред сè, поради незаинтересираноста таа да се пополни кадровски, па поради тоа останаа и Одборите за акредитација и евалуација без контрола. Додека тоа не се реши, немаме основ за унапредување на образованието.

Што се однесува до кадарот на високообразовните институции, за да даде резултати, тој треба да биде соодветно мотивиран. Текстот го пишувам во својство на редовен наставник, односно професор на Универзитетот Скопје, како една од најдобрите, ако не и најдобра приватна високообразовна институција во земјата, која е мој матичен универзитет. Но, тој се однесува на сите високообразовни институции: државните, мешовитите и приватните. Веднаш да објаснам за оние кои сметаат дека проблемот е во квалитетот на приватните високообразовни институции: треба да знаат дека на сите приватни универзитети се запишан само 4% од сите студенти вкупно во државата. Другите студенти се на државните универзитети. Произлегува дека тие тврдења се неосновани.

Значи, со законот треба да се регулираат и примањата на професорите. Така, тие ќе го даваат својот максимум и ќе напредуваат во струката. Фондовите за образование, исто така, треба да се вратат и да се зголемат. Без тоа ќе нема проекти и висококвалитетни научно истражувачки трудови, па нема да можеме да напредуваме на Шангајската листа, а со тоа и да привлечеме странски студенти.

Што се однесува до Универзитет Скопје, тој има висококвалитетен систем на образование, а најголем дел е преземен од земја-членка на ЕУ, Република Хрватска. Во него доследно се применува болоњскиот систем со ЕКТС-кредити. Тоа е компатибилно со другите земји-членки на ЕУ. Нашите студенти на тој начин полесно се снаоѓаат и во земјава и во



Проф. д-р Александар Даштевски, професор на Универзитетот Скопје.



странство. Иако перманентно се соочуваме со пречки во работата, да не речам опструкции од надлежните органи, кои всушност треба да ни помагаат, сметам дека тоа не може вечно да трае. Очекувам позитивни промени во образованието во наредните неколку години, како впрочем и во другите гранки на општествениот живот. Се разбира дека тоа не може да се случи преку ноќ, но ова ниско ниво мора да се менува. Ако сака државата да ги задржи кадрите дома, да не се одлеваат во странство, мора да почне од образованието. Затоа што ќе почне да се разорува општеството, а особено народот, како што го почнав овој текст.

Иако сум во редовен работен однос во ДИК, редовно ги извршувам обврските на Универзитетот. Овие денови сме сведоци дека политичките партии се согласни изборите да се одржат заедно, и претседателските и парламентарните, на 8 мај следната година. Ако останат на тоа до Нова година, ми следи напорна работа во првото полугодие на 2024 година. Ќе мора напорно да се работи за да се спроведат изборите. Од ажурирање на избирачкиот список, до спроведување на сите подготовки за одржување на изборите, носење на сите потребни упатства, правилници и одлуки кои се потребни според Изборниот законик. Понатаму, обезбедување и доставување квалитетен доверлив и недоверлив материјал, обуки на членовите на ОИК и ИО за подобро извршување на нивните задачи, подготвување за ставање во употреба на апаратите за биометриска идентификација на гласачите и друго.

По завршување на оваа многу сложена и сериозна работа, јас, а се наденам и сите инволвирани во процесот на образование, да се вратиме на нашата работа, со цел да помогнеме во подигнувањето на квалитетот на образованието. Бидејќи, како што велат дека еднаш политичар значи секогаш политичар, истото важи и за професорите.

# ТЕМА

# ОБРАЗОВАНИЕТО – ПАТОКАЗ ВО ЖИВОТОТ



„Човекот учи додека е жив“ – ова е една од најцитираните реченици и една од најточните констатации до кои може да се дојде во текот на животот. Осум години основно образование, четири години задолжително средно, потоа факултет, а неретко и определба за магистерски и докторски студии. Вака отприлика се одвива едукативниот формален пат на луѓето во Македонија. Во меѓувреме постои надградба на знаењата, практична примена на наученото, разни курсеви, обуки и неформална едукација. Зошто е тоа толку важно? Затоа што знаењето никој не може да ви го одземе – тоа е непроценливо богатство и најголемиот влог во себе. Ако се земе предвид дека работната седмица во Македонија изнесува 40 работни часа неделно, а неретко и повеќе, се доаѓа до огромното значење што го има работата во животот на секој човек. Ако најмалку една третина во текот на денот ги поминуваме во работа, тогаш многу е важно што работиме. Изборот на професија и ангажман се едни од најголемите одлуки кои секој треба да ги донесе. Тоа треба да се направи со огромно внимание кое овој процес на долгогодишно учење го бара, бидејќи и тоа како е важно како некој ќе се однесува на работното место, кои вештини ќе ги покаже, дали е свесен за своите права и обврски и најнакрај, дали ќе биде задоволен, исполнет и мотивиран од својот избор.




Панел-дискусија „Образованието - патоказ во животот“.



## СИМНАТИ РОЗОВИТЕ ОЧИЛА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО МАКЕДОНИЈА

Не е тајна дека актуелната состојба во образованието во Македонија не е розова. Таа од година в година само се влошува, почнувајќи од слабостите на реформираното основно образование, па сè до лошиот студентски стандард кој ги демотивира академските граѓани. На оваа тема, но и за предизвиците во професионалната кариера, масовното иселување на младите и како да се избере образовниот пат, се дискутираше на панелот „Образованието – патоказ во животот“ во рамки на Регионалната конференција за жени „Профемина 2023“, поддржан од Универзитетот Скопје.

Една од говорничките на Панелот за образование беше и професорката Виолета Миленковска од Универзитетот Скопје, која зборуваше за значењето на образовниот процес, но истовремено се осврна и на катастрофалната политика во однос на образовните реформи.

***„За подобрување на нашиот образовен систем се дискутира со децении наназад, но сепак, квалитетни системски промени досега немало. Мојата порака до сите чинители во образовниот процес е да се вложува во знаењето, бидејќи тоа е најмоќната алатка која придонесува во надминување на сите предизвици во животот. Вината за сите пропусти и за вака осакатено образование не е во реализаторите на наставата, туку повторно во оние кои се задолжени да ја креираат и да ја контролираат***




Проф. д-р Виолета Миленковска: „Реформи во високото образование мора да се спроведат.“

*имплементацијата на образовните програми. Несредениот и колабиран образовен систем како суштинска алка во општеството е само еден дел од мноштвото причини за одлив на младите кадри надвор од татковината. Затоа, образованието треба да биде приоритет на сите идни владини политики за закрепнување и поправка на штетата предизвикана од пандемијата, но и од експерименталните реформски зафати“*, смета професорката Миленковска.

Според неа, годините на пандемијата значеле чекор наназад во поглед на напредокот во образовниот сектор во земјава. Истовремено, многумина ученици во руралните средини во овој период останале без образование, што тешко може да се надомести. Таа зборуваше за неконзистентните политики кои ги наметнува една влада, а друга ги отфрла и креира нови, кои само го поткопуваат евентуалниот напредок на ова поле.

*„Знаеме дека најважен столб за да се возвиши една држава е доброто образование. За жал, на овој план ние се наоѓаме во еден колапс. Со доаѓањето на секоја политичка гарнитура, се нудат некои концепции, кои придонесоа за вакво еродирано образование. Се изгубија некои предмети, а наставниците почнаа да предаваат други предмети за кои не се стручни. Имаме една хаотична ситуација, збунети ученици, незадоволни наставници и разочарани родители“*, вели проф. д-р Виолета Миленковска.

Според Миленковска, соодветни и исцрпни реформи се неопходни за да ја гледаат младите и натаму својата иднина во Македонија, а не да се иселуваат, да живеат и да работат во странство.

*„Јас сметам дека реформите треба да се спроведат во универзитетското образование. Мора да се изнајде програма која ќе им овозможи на учениците од средните училишта да го пронајдат своето место на нашите универзитети, а не да заминуваат во странство. Мора да се реформираат студентските домови, мензи, превозот. Студентите бегаат од нашето образование во држави каде што имаат подобри услови за учење – бесплатно образование и европска диплома“*, дополни проф. д-р Виолета Миленковска.



Доц. д-р Викторија Трајков: „За мене поразително е што секој ден се полнат автобусите и авионите со студенти што заминуваат од нашата држава.“



## КОРУПЦИЈАТА – КЛУЧЕН ПРОБЛЕМ

Универзитетската професорка и кариерен дипломат, доц. д-р Викторија Трајков, ги посочува високото ниво на корупција и нефункционалниот систем како клучни причини за иселувањето на младиот кадар.

***„За мене е поразително што секој ден се полнат автобусите и авионите со студентите што заминуваат од нашата држава. Жално е кога гледате дека еден млад човек учи и се развива тука за да го примени своето знаење во странство. Затоа ние во Универзитет Скопје нашите студенти ги учиме како да ги применат своите вештини во својата земја, а не во странство, каде што би биле граѓани од втор ред. Потребно е промените да не остануваат на ниво на дискусии, секоја држава треба сериозно да се занимава со образованието и со спроведувањето на стратегиите во дело“***, вели таа.

Според неа, никој не сака да живее во целосно распаднат систем кој не нуди никакви можности и фер услови за наоѓање работа и достоинствен живот. Македонија опасно потфрлила на испитот за тоа како да ги задржи младите во земјава.

***„Ниту еден човек не би сакал да живее, пред сè, во распаднат систем, корумпирано општество без основни услови за живот, во сиромаштија и со дисфункционални институции, со здравство кое разболува, а не лечи. Секој млад човек, без разлика каде и да живее, сака среден систем, систем на вредности, мерит-систем во кој ќе биде вреднуван како индивидуа. Македонија е бренд сама по себе, како велат, само сонцето е постаро од Македонија. Но, ние не научивме дека треба да го искористиме секое нејзино „ќоше“, кое е инспиративна приказна за секој еден кој живее надвор и кој сака или има тенденција да биде макар и на неколку дена дел од приказната за Хераклеа, Кокино, Калеш Анѓа, македонскиот Ерусалим – Охрид итн. Под итно треба да го смениме односот кон нашето, македонското! Само така ќе одиме напред“***, вели професорката Викторија Трајков.




М-р Билјана Трендафилова: „Само образовани луѓе можат да го менуваат општеството.“



***„Само образовани луѓе можат да го менуваат општеството и да ги следат светските трендови“***, истакна м-р Билјана Трендафилова, која го модерираше панелот посветен на образованието.

## САМО ОБРАЗОВАНИ ЛУЃЕ МОЖЕ ДА ПРАВАТ ПРОМЕНИ

Таа порача: ***„Не можете да очекувате развој на општеството ако немате развиено и модерно образование, а во Македонија нема елементарни услови. Веќе втора година, учениците наместо од учебници, учат од скрипти. Првото полугодие е при крај, а книги недостигаат по многу предмети. За подобрување на нашиот образовен систем се дискутира со децении наназад, но сепак, квалитетни системски промени досега немало. Сведоци сме на парцијални решенија, главно на ниво на експерименти и на пилоти, на избрзано и неаргументирано внесување наставни програми осудени на неуспех во нашето општество. На нашиот образовен систем му се потребни итни и квалитетни реформи за постигнување на долгорочните цели“***, оцени Трендафилова.

## ИЗБОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ЗНАЧАЕН ПАТОКАЗ ВО ЖИВОТОТ

Дел од панелистите на темата образование беше и најдобрата дипломка на генерацијата на Универзитетот Скопје, Мартина Нанева. Таа зборуваше за своето универзитетско искуство кое треба да ѝ помогне во идните кариерни предизвици.

***„Да се биде избран за најдобар дипломец на генерацијата е чест за моето образовно патување, во кое Универзитетот Скопје ми беше главен патоказ. Универзитетското искуство го сметам за најголемо достигнување засега, кое ми го одреди патот по кој сакам да се движам во животот. Универзитетот Скопје беше клучен во усовршување на моите вештини во областа на меѓународниот маркетинг менаџмент. Репутацијата на Универзитетот може да отвори големи врати за нови кариерни можности. Работодавците ги препознаваат младите луѓе со знаење, посветеност и талент. Како што влегувам во следното поглавје од мојот живот, така ја носам не само академската титула дека сум најдобра дипломка, туку и непроценливите лекции и искуства стекнати токму на Универзитетот Скопје. Ги охрабрувам сите идни студенти да одберат да учат од најдобрите, по светски искуства, но дома на мојот и ваш Универзитет Скопје“***, истакна Нанева.

Да се разбуди и да се одржува страста кон учењето значи континуирано да се созрева. Образованието нуди стекнување

# УНИВЕРЗИТЕТСКАТА ДИПЛОМА – ПАСОШ ЗА ПОДОБРА ИДНИНА

Универзитетската диплома е само почеток, отскочна штица која го трасира идниот пат во кариерата. Не значи нужно дека таа ќе ви донесе успех, не без идно надградување на знаењето. Сепак, според Александра Митрова, директор за продажба и маркетинг во Скопје Мериот хотел, квалитетното високо образование дефинитивно е пасош за подобра иднина.

***„Универзитетската диплома е пасош за подобра иднина, а од нас зависи колку труд ќе вложиме за да го искористиме – дали ќе го оставиме во фиоката или ќе го искористиме да патуваме и да се развиваме. Процесот на образование отвора можности за личен професионален раст и развој. На Универзитетот Скопје, јас се стекнав со сознанија кои ми помогнаа да откријам што ме привлекува најмногу професионално и ме вооружи со знаење што ми беше неопходно за мојата професија“***, вели директорката за продажба и маркетинг во Скопје Мериот хотел.



**Александра Митрова: „Процесот на образование отвора можности за личен професионален раст.“**



знаења од различни области и науки, но и можност за добивање искуство во она што нè интересира, па на тој начин да се изградиме како личности. Токму затоа е многу важно да се создаде систем на квалитетен образовен процес кој ќе креира оформени, едуцирани, самоуверени индивидуи, кои не само што ќе донесуваат добри и тешки одлуки во областите во кои ќе работат, туку ќе бидат и лојални и совесни граѓани на државата во која живеат.

Од Универзитетот Скопје посочуваат дека се општествено одговорна институција што помага секаде каде што е потребен капацитетот на академскиот кадар за да се промени системот кој не функционира. „Pro-Femina 2023“ на едно место ги собра сите кои сакаа да дебатираат на тема образование, како и на други теми кои ги засегаат жените од аспект на предизвиците и можностите со кои се соочуваат.



**Мартина Нанева: „Репутацијата на универзитетот може да отвори многу врати за нови кариерни можности.“**

За да ги мотивира младите постојано да вложуваат во своето образование, Универзитетот Скопје на настанот додели и целосна стипендија за постдипломски студии.

## ИНТЕРВЈУ СО КЕЈТ ГАЛЕГО

*Градоначалник на Општина Феникс, САД*



# КЕЈТ ГАЛЕГО - ГРАДОНАЧАЛНИЧКА КОЈА САКА ДА ИМ ПОКАЖЕ НА ЖЕНИТЕ ДЕКА СÈ Е ВОЗМОЖНО

Феникс е главен град на сојузната држава Аризона и петти најнаселен град во Соединетите Американски Држави. Токму овој град во последните години успешно се развива како резултат на добрите политики што ги спроведува младата градоначалничка Кејт Галего. Жена која има визија за градот и која е силен поборник за развој на паметни бизниси и инвестиции. Има за цел да го направи Феникс најодржлив пустински град во САД. Таа неодамна помогна да се постигне најголемиот договор за развој на бизнисот во градот досега, фабрика за производство на полупроводници од 40 милијарди долари, што ќе донесе значителен економски развој во децениите што доаѓаат.




**Кејт Галего, градоначалничка на Феникс.**
*Извор: facebook*

Галего има 42 години. Таа е втората избрана жена-градоначалник во историјата на Феникс и една од најмладите градоначалнички на големите градови во САД. Во ноември 2020 година, таа беше реизбрана на функцијата со најголем број гласови дадени досега за кандидат за градоначалник во Феникс. Градоначалничката на Феникс има диплома од Харвард, ужива да пешачи, да чита, и е мајка на шестгодишниот син Мајкл. Сигурна во себе, одлучна и никогаш не дозволува да ја спречи каков било предизвик. Таа победи на своите први избори во 2018 година, откако штотуку се разведе и стана мајка. Но, лесно го освои својот втор мандат во 2020 година – со повеќе од 60 проценти од гласовите.

„Кога ја донесов мојата одлука да се кандидирам, ниту еден од 15-те најголеми градови (во земјата) немаше жена-



Кејт Галего, градоначалничка на Феникс.

градоначалник", вели таа за американскиот магазин „Гламур".

***„Морав да се запрашам зошто е тоа така. Кога ја носев одлуката, се погледнав во огледало и имав слика како мислам дека изгледа градоначалник".***

Под нејзино раководство градот Феникс беше домаќин на рекордната посетеност на познатото „Супер боул" и шоуто на Ријана на полувремето. И додека е градот под нејзино раководство, во декември 2022 година таа изјавува:

***„Претседателот Бајден и Тим Кук беа тука да објават дека мозокот на ајфоните ќе се произведува во Феникс. Ми се допаѓа што тоа е најсовремената технологија, одлична за американското производство и работните места со навистина високи плати".***

И покрај тоа што има дадено само неколку интервјуа, Галего во интервјуто за „Гламур" реши да зборува за своите искуства и за тоа како нејзината приказна може да ги инспирира другите.

**Поминувавте низ развод, на свет донесовте бебе и ги реализиравте амбициите за Вашата кариера во исто време?**

Беше многу голем предизвик да се балансира. Истата година го родив моето дете и се кандидирав за реизбор во градскиот совет, па се чувствував под притисок што побрзо да излезам во заедницата и да покажам дека сè уште сум на врвот. Имав многу емоции за релативно кратко време. Имав бебе, бракот заврши, а на мајка ми и беше дијагностициран рак на јајниците. Потребна е вистинска рамнотежа за да бидете сигурни



**Градоначалничката на Феникс, Кејт Галего, со својот син.**
*Извор: твитер*

дека не изложувате новороденче во сезоната на грип, додека во исто време ви недостигаат луѓето околу вас. Сакав поголема поддршка додека поминував низ најтешкиот период во мојот живот. И едноставно, имате многу време да седите дома и да размислувате, а тоа понекогаш е тешко.

**Кој беше Вашиот најголем личен предизвик во Вашата кандидатура за градоначалник?**

Бев во градскиот совет и тоа беше единствената работа што ја имав. Но, имаме закон во Аризона: треба да поднесете оставка на една владина позиција за да се кандидирате за нова, освен ако не сте во последната година од вашиот мандат, а јас не бев. Но, сега бев одговорна за мојот живот, мојот брак беше завршен и размислував дали да се откажам од приходите за нова работа. Немав резервен план. Да не бев градоначалник, што би работела? И затоа сакав да се уверам дека имам шанса да победам. Кога видов дека жените не беа особено успешни, ми се родија многу сомнежи. Дали беше возможно? Политиката не е за тоа што е фер, туку за тоа на кого гласачите му веруваат дека ќе го испорача ветеното. И затоа поминав премногу долго одлучувајќи. Првично им кажав на луѓето дека нема да се кандидирам со оглед на тоа дека бев среде развод и со бебе, што навистина ме врати назад.

**Што Ве спречи да верувате во себе?**

Бев многу засрамена поради тоа што мојот брак заврши додека бев бремена. Веќе некое време се обидуваме да имаме бебе. Разводот се чувствуваше како неуспех, а потоа кога сфаќате и дека сте одговорен за нов живот,

станувашe уште потешко. Поминав низ временски период кога навистина не сакав да бидам во јавност. Верувам дека како јавен службеник, важно е да бидете искрени и ранливи со луѓето на кои им служите. Може да биде тешко да се признае кога се мачите, но важно е да покажете дека сте човек и дека ги разбирате борбите на оние што ги претставувате. На крајот, научив дека е во ред да побараш помош и да се потпреш на другите кога ти треба.

**Дали сте се соочиле некогаш со прашања за кои мислевте дека луѓето никогаш нема да му ги постават на маж?**

Бев во брак со конгресмен, имавме дете заедно, а потоа се разведовме. Сите ме прашуваа: „Ќе излезете ли од јавниот живот по ова? Ќе се фокусирате ли исклучиво на Вашето семејство?" Нему, никој не му го постави овие прашања.

**Како се снајдовте со мајчинството?**

Моите родители беа во брак додека мајка ми не почина, па јас пораснав со идејата за стабилен брак како норма. Кога станав мајка, додека поминував низ развод, искрено беше малку шок. Дефинитивно не знаев што ме очекува. Но, тоа всушност за мене беше извор на сила. Како градоначалник, морам да донесам многу одлуки, а тоа што станав мајка во моментот ми даде непроценлива перспектива за предизвиците со кои се соочуваат многумина секој ден.

**Како снајдовте во Вашата работа?**

Состаноците ги правев од дома. Ќе се јавев, но одвреме-навреме го исклучував звукот на телефонот додека доев. Секогаш ќе го држам рекордот како првиот функционер избран во Градскиот совет на Феникс кој дои за време на состанок – а тоа беше пред времето на состаноците на Зум. Еднаш бебето ме касна додека се обидував да дојам и да одржам состанок на градскиот совет, па ми беше тешко да објаснам што се случува. Но, горда сум што ние, во градот Феникс, на 1 октомври 2022 година, започнавме многу дарежлива политика за платено отсуство. Тоа нè прави, мислам, еден од најконкурентните работодавци за родители во областа Феникс. Се надеваме дека ќе им олесниме на другите родители да ја изберат опцијата што најмногу им одговара.

**Долго бевте во Градскиот совет. Дали се замислувавте отсекогаш во градоначалничката функција или тоа беше нешто што се роди однатре?**

На почетокот не изгледаше како нешто што е можно или достижно. И кога сте во Градскиот совет, или покрај градоначалникот на Феникс, или покрај другите градоначалници, почнувате да сфаќате, да, да, и јас би можел да го правам ова. Мислам дека е навистина добро луѓето, особено младите, да бидат околу избраните функционери и извршни директори за да видат дека сите сме нормални луѓе и дека се работи за ист тип луѓе кои се облекуваат на ист начин, јадат на ист начин како и сите нас. Тоа ви помага да видите дека е возможно и за вас.

**На што најмногу се гордеете во однос на работата како градоначалничка?**

Тука би сакала за момент да се вратам на мојата приказна. Ја купив мојата прва куќа на врвот на пазарот на недвижности во 2008 година во Феникс. Бев многу горда на себе и кога релативно млада, купив стан. Но, тогаш сведочев како огромен дел од она мало богатство што го имав испари кога пазарот крахира. Бевме многу силно погодени овде во Феникс и бевме многу зависни од индустријата за недвижнини. Она што се обидов да го направам во канцеларијата на градоначалникот е да изградам поразновидна економија со повисоки плати, за да не мора никој да помине низ она што поминаа толку многу луѓе, вклучително и јас, во Феникс, и за да бидеме поотпорни. Направив голем притисок за компаниите со чиста технологија, а потоа и за технологијата со високи плати. Минатиот декември, претседателот Бајден и



**Кејт Галего, градоначалничка на Феникс.**
*Извор: facebook*

Тим Кук беа тука за да објават дека мозокот на ајфоните ќе се произведува во Феникс. Ми се допаѓа што тоа е најсовремената технологија, одлична за американското производство и што се работи за работни места со високи плати. Преку тој тип проекти се надевам дека ќе го направам Феникс многу посилен град.

### Која е Вашата амбиција за во иднина? Кое е наследството што сакате да го оставите зад себе?

Убавата работа во тоа каде што сум сега е чувството дека сè повеќе и повеќе работи се возможни. Работи за кои никогаш не сум сонувала дека се достижни. Се надевам дека ќе завршам добра работа како градоначалничка и потоа можеби ќе имам можност да продолжам во јавна служба. Имав прекрасни примери, вклучувајќи го и гувернерот Наполитано, кој ми помогна да видам што е можно. Можеби само што почнувам токму сега.

### Што би им порачале на младите жени што сонуваат за сопствената кариера или дури и да влезат во политиката?

Не чекајте вашиот личен живот да биде беспрекорен бидејќи никогаш нема да биде совршен. Реализирајте ја вашата цел, следете ги вашите соништа дури и ако не е штиклирана секоја точка, и тогаш кога не е разработен секој детаљ. Многу ми е мило што тргнав по моите соништа. Тоа беше апсолутно вистинската одлука, но си ја отежнав себеси со двоумења и мислејќи дека не можам да ги остварам.

извор Glamour.com



# БЕЛГРАД – ДИНАМИЧНА БАЛКАНСКА ПРЕСТОЛНИНА НА НАСЛЕДСТВОТО И НА МОДЕРНОСТ

**Белград, динамичен и раздвижен град. Тоа е впечатокот што се создава додека „трчате“ од Теразија кон Зелениот венец. Хаотичен, додека со автомобилот панично влегувате во кружниот сквер Славија. Современ и модерен додека стоите на ескалаторите на Ушче или Делта сити. Ова е краток опис на секојдневието на Белград. Но, ако одвоите еден час или ако сте турист кој дошол да го запознае овој град, ќе сретнете едно поинакво лице и еден нестварен свет, преполн со културни и со историски знаменитости, места на коишто се одвивала историјата и настани коишто ги промениле Европа и светот. Убави фасади, необични градби, како и**




Улица „Кнез Михаилова".
*Извор: wikimedia.org*



**убави и насмеани лица на белграѓани, коишто важат за добри и љубезни домаќини. Белград е еден од најстарите градови во Европа. Величествен град на модерниот дух и време, со историја и традиција што опфаќа седум илјади години. Првите жители на Белград биле оние од времето на праисториската Винча, 4.800 години пред новата ера. Станал главен град на Србија во 1405 година. Во текот на својата долга историја, тој бил уриван и изгорен до темел дури 60 пати и секогаш, како феникс, се издигнувал од пепелта уште поубав и повеличествен. Оттаму и доаѓаат сите оние маски и лица на Белград, кои тешко се препознаваат на сликите и разгледниците од минатото.**

Водени од желбата да поминат што повеќе време надвор, белграѓани многу сериозно ја сфаќаат културата на пиење кафе на Калемегдан, „зеленото историско срце на Белград“, на улицата „Кнез Михаилова“ како главна артерија на градот, која постојано зоврива од живот, во Дорќол како едно од најстарите и најатрактивните квартови, во Скадарлија и во живописниот Земун. Низ Белград можете да се шетате со денови и да го истражувате градот, а проблем да ви биде само немањето доволно време и евентуално, силниот и студен северен ветер. Колку и да правите план за шетање, секогаш на крајот само делумно успевате да го остварите. За почеток, можете да направите обиколка на Славија и околината. Во централниот, зелен дел на кружниот тек е поставена бистата на Димитрије Туцовиќ, истакнат социјалист, по кој долго време, до почетокот на овој век, плоштадот го носел името. На Славија, поточно, помеѓу улиците на Крал Милан и Немањина, се наоѓа новата зграда на Народната банка на Србија. Модерна зграда во стакло, која многумина ја сметаат за една од архитектонските знаменитости на Белград.

Тука е и еден од попознатите белградски хотели, Хотел Славија. Плоштадот е една од најважните сообраќајни раскрсници во Белград, па метежите се неизбежни. Од Славија во различни правци се нудат: улицата „Немањина“ – кон главната железничка станица, улицата „Делиградска“ – кон Клиничкиот центар на Србија, „Булеварот на ослободувањето“ – кон Автокоманда, улицата „Светосавска“ – кон Храмот на Свети Сава, улица „Мекензиева“ – кон Чубура, улица „Белградска“ – кон Булеварот на Крал Александар и Ташмајдан, како и улицата „Крал Милан“ – кон Теразије. По должината на „Немањина“, долга околу 1 км, има неколку помали паркови, меѓу кои „Мањеж“ и Финансискиот парк. Препознатлива е по тоа што во неа главно се сместени објекти на значајни државни институции, како и голем број деловни објекти. Зградата на Владата на Србија е монументален објект изграден во периодот од 1926 до 1928 година. Третиот кат бил дограден во 1938 година, а сите работи биле извршени според проектите на познатиот архитект Николај Краснов, руски емигрант чии грандиозни дела оставиле силен




**По должината на „Немањина“ се сместени значајни државни институции.**
*Извор: Denvna doza Beograd*

впечаток на денешниот изглед на српската престолнина. Инаку, оваа зграда е едно од најрепрезентативните дела на белградската архитектура помеѓу двете светски војни. Тоа што ја надоградува „Немањина“ се руинираните воени згради, тешко оштетени за време на НАТО бомбардирањето на Белград во 1999 година. Глетката е навистина страшна.

Велат дека улицата „Крал Милан“ од Славија е најубавата. Преку неа може да се стигне до епицентарот на градските случувања. Кога човек парадира по улицата „Крал Милан“, едноставно не може да го фати сопствениот поглед и да го фокусира своето внимание на една точка. Многу глетки се наредени една по друга и предизвикуваат чувство на восхит кај секој намерен и ненамерен посетител. Оваа улица често ги менувала имињата во својата историја, но нејзините монументални градби останале таму.

Познатата „Београѓанка“, еден од најголемите симболи на денешен Белград, е изградена во 1974 година според плановите на архитектот Бранко Пешиќ. Била првиот солитер во центарот и во времето на нејзината изградба била највисоката зграда во градот. Палатата е висока 101 метар, се состои од 24 ката и подземен простор, во којшто се наоѓа трговскиот центар Меркатор. Една од најубавите градби, вистински архитектонски бисер на Белград и Србија, несомнено е Стариот дворец. Изграден е во периодот од 1881 до 1884 година за Милан Обреновиќ, првиот српски крал по османлиското владеење, во годините кога Србија од кнежевство прераснала во кралство. Овој репрезентативен објект се одликува со препознатливи ренесансни елементи во својата декорација. Меѓутоа, како резултат на големите оштетувања на палатата за време на Првата и на Втората светска војна, нејзиниот изглед денес е нешто поразличен од оригиналот. Тука е и Андриќевиот венец, прекрасно уредена зелена површина и пешачка зона, посветена на познатиот српски нобеловец Иво Андриќ, кој некогаш имал свој стан на оваа улица. Во тој стан, денес се наоѓа Музејот на Иво Андриќ. Во улицата „Крал Милан“ има уште многу знаменитости, како што е зградата на Југословенскиот драмски театар или зградата во која е сместен Студентскиот културен центар.

**Стариот дворец, архитектонски бисер на Белград и на Србија.**
*Извор: wikimedia*





**Станбен комплекс „Белград на вода“.**
*Извор: failedarchitecture com*

Шетајќи низ Белград, сместен на сливот на Сава и на Дунав, можете комотно да го изгубите чувството за време и да не знаете кога и како поминале неколку часа. И секогаш се враќате на познатата улица „Кнез Михаилова“. Или во вечерните часови, на сплавовите на двете реки. Градот постојано се развива. Проектот „Белград на вода“ е потврда за тоа. Високи згради со модерен дизајн и комплекс во кој се сместени објекти за различни потреби, им го прават животот на станарите совршен. Но, тоа има и цена. Двособен стан чини 245.000 евра плус и ДДВ.

## ИВАН БЛАЖЕВИЌ, БИЗНИСМЕН, СИН НА ПОКОЈНИОТ СВЕТСКИ ПОЗНАТ ХИРУРГ-ОРТОПЕД УРОШ БЛАЖЕВИЌ, КОЈ ПОТЕКНУВА ОД МАКЕДОНИЈА

Сместен на сливот на Сава и на Дунав, Белград, живиот главен град на Србија, пулсира со историја, култура и непогрешлива енергија што одекнува на секој чекор. Како некој кој имал доволно среќа да се роди во овој град, јас сум исклучително горд на мозаикот од искуства што Белград им го нуди на своите жители и посетители.

Животот во Белград е единствен спој на традиција и на модерност. Градскиот



Иван Блажевиќ.



**Тврдината „Калемегдан“.**
*Извор: beogradskatvrdjava.co.rs*



пејзаж е спој на архитектонски стилови, од историскиот шарм на Стариот град до современите дизајни кои се препознатливи белези на градот. Град на контрасти, спој на древни тврдини и елегантни облакодери, дава слика на престолнина која го прифаќа своето минато додека самоуверено чекори во иднината. За младите, Белград е игралиште на можности. Ноќниот живот на градот е легендарен, поради што ја добил и титулата „Балканска престолнина на забавата“. Од самрак до зори, улиците оживуваат во ритмот на музиката којашто допира од еклектичните барови, клубови и сплавови на брегот на реката. Боемскиот кварт Скадарлија, со својата калдрма и жива атмосфера е рај за оние кои бараат уметничка инспирација и вкус на богатото културно наследство. Белград е културен котел каде што истокот се среќава со западот. Бројни музеи, галерии и театри придонесуваат за наративот на богатиот културен идентитет на Србија. Реновираниот Народен музеј, во кој има огромна колекција на артефакти и Музејот на современата уметност, кој прикажува современи ремек-дела, даваат увид во уметничката еволуција на нацијата.

Белградската филхармонија и Народниот театар се културни бастиони кои ја маѓепсуваат публиката со извонредни изведби.

Многубројните градски кафеани, традиционални српски, сега веќе култни места на Белград, се средишта каде што се собираат стари и млади, староседелци и туристи, за да споделат приказни и да уживаат во топлината на заедницата и надалеку познатите балкански специјалитети.

За неговата историска важност сведочат главните туристички атракции на Белград. Една од неговите најпознати знаменитости е улицата „Кнез Михаилова“, раздвижена пешачка улица со шармантни кафулиња, продавници и историски згради. Именувана по српскиот кнез Михајло Обреновиќ, улицата служи како живо средиште за шопинг, забава и дружење, што ја прави задолжително место за посета и за локалното население и за туристите.

Покрај улицата „Кнез Михаилова“ се наоѓа прекрасната тврдина Калемегдан,

древна цитадела со историја која датира уште од келтските времиња. Стратешки позиционирана на сливот на реката Сава и Дунав, Калемегдан бил сведок на бројни цивилизации. Секоја од нив оставила неизбришлива трага врз архитектурата, културата и идентитетот на градот, создавајќи единствен спој кој го одразува неговото разновидно наследство.

Незаобиколен е и монументалниот Храм на Свети Сава, една од најголемите православни цркви во светот, величествено ремек-дело кое доминира на хоризонтот и ги кани аџиите и туристите да ѝ се восхитуваат на неговата величественост.

Белград гледа и кон иднината. Проектот „Белград на вода“, најмодерниот проект во овој дел од Европа, беше трансформативна сила, која го преобликува лицето на градот и воведе нова ера на модерниот урбан живот. Широко распространет по должината на реката Сава, „Белград на вода“ воведе современа архитектура, луксузни резиденции и комерцијални простори, незабележително испреплетувајќи се со постојните знаменитости. Шеталиштето покрај брегот стана популарна дестинација за лежерни прошетки, нудејќи прекрасен поглед на реката и на градот зад неа.

Белград е град кој ги плени со духот и младите и старите. Неговиот динамичен спој на историја, култура и модерност создава мозаик од искуства коишто го прават навистина единствено место за восхит. Како што продолжува да се развива градот, прифаќајќи ги промените и зачувувајќи ги своите корени, Белград останува светилник на различностите и на отпорноста во срцето на Балканот.

**ЕЛЕНА ПЕТКОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА, МЕНАЏЕР ЗА КОМУНИКАЦИИ, ЕВРОПСКИ ФОНД ЗА БАЛКАН, МАКЕДОНКА КОЈА СО СВОЈОТ СОПРУГ И ДВЕТЕ ДЕЦА ЖИВЕЕ ВО БЕЛГРАД ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ДЕЦЕНИЈА.**



Елена Петковска-Ѓорѓиевска.

Од оваа временска дистанција и помината километража, можам да кажам дека веќе го доживувам како свој дом. Тоа чувство дека сум на познат терен и опкружена со слични културни обрасци и начин на живеење беше присутно од самиот почеток, затоа што сепак не се работеше за преселба во некоја од земјите во Европа, Америка или, пак, далечната Австралија, туку миграција во соседството, во главниот град на нашиот сосед Србија. Белград сепак не е Скопје, не само според популацијата, туку и стратешки. Тоа е град-метропола, седиште на многу интернационални и регионални компании, мултикултурен центар, голема раскрсница и привлечна туристичка дестинација, па затоа и динамиката и ритамот во кој пулсира е различен. Милионска врвулица од луѓе, огромен градски метеж, голема концентрација



на разни настани случувања, богата понуда на разни културни, гастрономски и спортски манифестации. Белград има многу лица, добри и лоши страни, но, сепак, и понатаму важи за град со душа, традиција и углед кој опстојува и покрај многуте промени што му се случуваат секојдневно.

Во Белград се чувствувам добредојдено, прифатено и интегрирано во мера која сосема ми одговара, затоа што потполна интеграција не ни очекував ниту посакував. Дојдов тука на зрела возраст, како изградена личност и со значајно работно искуство зад себе, така што не сакав да се вклопам по секоја цена и да правам отстапки од мојот личен и професионален интегритет. Дома зборуваме македонски, а со колегите и пријателите зборувам опуштено, на српски со акцент. Некогаш кога ќе се запознам со некого во продавница, на некој настан или во некое друштво, се случува да не ме препознаат дека сум Македонка, па обично сум Русинка, Словенка или Бугарка. Кога ќе слушнат дека сум од Македонија, секогаш реагираат позитивно и имаат приказни за роднини и пријатели од кај нас, коментари за убавината на Охрид или, пак, за деновите помината во војска во некој од нашите градови. Фактот дека некогаш сме биле дел од Југославија и сеќавањата на тогашниот соживот играат важна улога, но мислам дека генерално се работи за отворена средина во која живеат и работат луѓе од целиот свет. Белград има свој шмек, но за мене лично посебноста е во тоа што е град кој живее на две реки – Дунав и Сава. Таа близина до водата му дава посебна убавина, а тука е парк-оазата и вештачкото езеро Ада Циганлија, кое исто така се вклопува во тој мој зелено-син филтер преку кој го гледам градот кој инаку може да биде и сив, и шарен, и стар и модерен, во зависност од окото на набљудувачот. Водата е таа главна вена низ која циркулираат и ноќниот живот, туристичките разгледувања и гастрономијата. Сплавовите, ресторанените на вода, малите бротчиња, големите крузери, симпатичните стари рибарски чамци и ултра модерните глисери се само една од додадените вредности на Белград, кој неслучајно е една од најпосетените дестинации во Европа.

**Панорама на Белград.**
*Извор: dailysabah.com*



# РЕКТОРОТ АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ СТАНА ЧЛЕН НА АКАДЕМСКАТА УНИЈА НА ОКСФОРД

Ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, е избран за член на Академската унија на Оксфорд. Претходно, на пригодна церемонија, на ректорот Миленковски му беше доделено и признание за активна посветеност во високото образование!





Ректорот проф. д-р Аце Миленковски е избран за член на Академската унија на Оксфорд.



# СПЕЦИЈАЛНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА И ВО ХУМАНИТАРНАТА ДЕЈНОСТ

Ректорот, проф. д-р Аце Миленковски, доби специјално признание за особен придонес во воспитно-образовната и хуманитарна дејност. Наградата му ја додели Здружението на просветни работници на Град Скопје, во соработка и со поддршка на локалната самоуправа, во Музејот на револуционерната борба, во рамки на манифестацијата „Просветен работник на годината на Град Скопје за учебната 2022/2023 година“.

Специјално признание доби и светски познатиот ликовен уметник и хуманист Живко Поповски – Цветин. Според претходно распишан конкурс со одредени критериуми, им беа доделени признанија на најдобрите просветни работници на територијата на Скопје од сите сфери на образованието.

Добитници на наградите се: Клементина Петрушевска, воспитувач во ЈУДГ „Весели Цветови“, Општина Кисела Вода, Весна Бошковска, одделенски наставник во ОУ „Кирил Пејчиновиќ“, Општина Кисела Вода, Олгица Бајалџиева, предметен наставник во ОУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош, Саниа Качар (од заедниците) предметен наставник од ОУ „Живко Брајковски“, Општина Бутел, и Наташа Божиновска, наставник по стручни предмети од СЕТУГС „Михајло Пупин“

**Специјално признание за особен придонес во воспитно-образовната и во хуманитарната дејност доделено на ректорот проф. д-р Аце Миленковски, врачено на проф. д-р Виолета Миленковска.**



# ГРАН ПРИ ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ НА НОВОСАДСКИОТ САЕМ

Работата и посветеноста на наставниот кадар и на студентите доби  интернационално признание во рамки на Меѓународниот саем за туризам во Нови Сад. По наградата пред 16 години на тогашниот УТМС, Универзитетот Скопје повторно годинава доби „Гран при“,  и тоа на јубилејот 100 години од постоењето на Новосадскиот саем. Признанието за развој и едукација од областа на туризмот го подигна ректорот Миленковски на свечена церемонија во Нови Сад на почетокот на месецов.

На штандот на Универзитетот Скопје во рамките на Саемот за туризам, на посетителите им беа претставени факултетите, наставните програми и можностите за студирање на Универзитетот, додека со излагачите се остварија повеќе средби како основа за идна меѓународна соработка. Можностите за студирање на Универзитетот беа претставени и пред камерите на покраинската Радио-телевизија „Војводина“ и на неколку локални медиуми.

Саемската манифестација заврши успешно со остварени многубројни контакти за идна соработка.






Универзитетот Скопје доби „Гран при“ на Новосадскиот саем.



THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation

certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

### Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

### Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# ЦРНОКРАК: КОГА УЧИШ ОД ВРВНИ ПРОФЕСОРИ, УСПЕХОТ Е НЕИЗБЕЖЕН



**Благодарение на долгогодишната соработка со Универзитетот Скопје, познатата манекенка и презентерка Светлана Црнокрак имала привилегија да добие стипендија на Универзитет Скопје. Се запишала на насоката односи со јавност, кој е најблиску до тоа што го работи со години. Вели дека не погрешила и му е благодарна на целиот тим професори, особено на ректорот проф. д-р Аце Миленковски.**

**Мотивите по кои се водиме, не се статични, но се менуваат со возраста, созревањето, интересите и потребите. Токму тоа е една од причините што нè тера во нов предизвик. Бевте успешна манекенка со диплома од вишата школа за радиологија, но сепак решивте да го продолжите школувањето. Зошто го одбравте Универзитетот Скопје?**

Со оглед на мојата неостварена желба во



Светлана Црнокрак, дипломец на насоката за односи со јавноста.

медицината, а долги година фокусирана на мојата втора професија, манекенството, презентерството и воопшто јавниот свет, решив моето доедуцирање да го продолжам во таа гранка - односи со јавност. Благодарение на нашата долгогодишна соработка со Универзитетот Скопје, ја добив таа привилегија да добијам стипендија на овој Универзитет и ја одбрав токму таа насока како најблиска до тоа што го работам веќе долги години. И не погрешив. Навистина сум му благодарна на целиот тим професори, особено на ректорот проф. д-р Аце Миленковски.

**Креативноста и комуникологијата се вештини на јавната професија. Дали од тие причини Ве привлече програмата на отсекот за односи со јавност?**

Токму така! Креативноста, стратешките комуникации, промоцијата, маркетингот се вештини на јавната професија, било тоа да се однесува на личност или на компанија. Всушност, во тоа што го работам и како личност, а и со нашата модна агенција, овие вештини се составен дел на односите со јавноста, мислењето на публиката, комуникацијата, пораките, рекламите кои воедно придонесуваат да се постигне заемна корист, успех во работата, креативност, а со тоа и поттик и мотив за уште подобро.



Црнокрак: „Најзаслужен за целиот тим е ‚таткото‘, ‚главата на фамилијата‘, ректорот Аце Миленковски.“

**Кои испити Ви беа најголем предизвик и лесно ли го совладувавте материјалот?**

Првенствено, Односи со јавност ми беше и воедно омилен предмет, кој најлесно го совладав и навистина научив многу. Тука би ги вброила и Човечки ресурси и Општествена одговорност. Сите тие се тесно поврзани и значајни, а и веќе познати во оној дел што го работам.

**За кои предмети ви беше потребен поголем напор?**

Некако не се пронаоѓав во економијата, иако се трудев и во тој дел да научам нешто кое во иднина би ми било од корист.

Колку сте задоволни од кадарот, професорите, нивниот однос кон студентите? Во случајов со вас, како реагираа со оглед на тоа што сте една од нашите најголеми манекенски ѕвезди?

Да бидам искрена, без разлика на тоа што сум јавна личност, сите студенти бевме исто привилегирани, што покажува колку овој универзитет професионално функционира. Секој професор во секое време беше достапен за секој студент. Врвни и успешни професори, докажани во својата работа, што навистина многу значи. Кога учиш од такви професори, успехот е неизбежен.

**Кога најчесто учевте, со оглед на тоа што сте мајка на две ќерки, сопруга, но сте активни и како манекенка и презентерка на вести?**

Кога се сака, сè се може. Бев примерен студент. Редовна на сите предавања, вежби, колоквиуми, испити и навистина учев и наоѓав време за тоа, бидејќи таа професија е навистина интересна, ја сакам и се пронајдов во неа. Учев, првенствено за себе, а потоа за оценка. Имав поддршка од моите најблиски и со нивна помош и добра организација успевав да стигнам со сите обврски.

**Во кој дел од кариерата Ви помогна знаењето што го стекнавте на Универзитетот Скопје?**

Буквално во сето она што го работам. И во делот на презентерството, телевизијата, и во делот на она што го работиме со нашата модна агенција. Јавниот свет, комуникацијата, маркетингот се основни и најважни елементи на мојата работа. Реално, најтешко е да се работи со луѓе, со различни карактери, јавни личности, да наоѓаш заеднички јазик на комуникација, компромис, правилно да се пробиваш, да се презентираш, да наоѓаш решенија, да носиш правилни одлуки, па и некогаш да ризикуваш. Во сето тоа ми помогна знаењето што го стекнав токму на овој Универзитет.

**Која е пораката до младите? Кои предности на Универзитетот би ги издвоиле како мотив да станат дел од него?**

Мојата порака до младите е да учат, да се едуцираат и постојано да го надградуваат своето знаење. А вистинско место е токму овој, Универзитетот Скопје, кој нуди образование со европски стандарди, современо, кој постојано го развива и го приспособува процесот на стекнување знаење во чекор со модерните образовни трендови. Освен тоа, овој Универзитет има посебна цел и филозофија – да спречи студентот да се чувствува изгубен во масата, а да  му овозможи индивидуален наставен пристап.

**Со дипломата се стекнува знаење, но и животни искуства и пријатели. Каков беше случајот со вас?  Кои се спомените што Ве врзуваат за студиите?**

Поминав прекрасни 3 години на овој Универзитет, но тоа беше само почеток на нашата соработка. Дипломирав пред 7 години и оттогаш станав и дел од тимот на УТМС. Стекнав и запознав врвни професори кои ми подарија знаење и кои, пред сè, се луѓе со широко срце и вистински пријатели. Најзаслужен за целиот тим е „таткото“, „главата на фамилијата“, ректорот Аце Миленковски.

**Колку сте строга како мајка кога станува збор за образованието, едукацијата на**




Светлана Црнокрак со семејството.

**вашите две ќерки?**

Во однос на образованието на моите ќерки, не сум строга, но сум принципиелна. Моника ја научив, а Нина сè уште ја учам дека образованието е најважно нешто за една личност во развојот на животот и дека школото, едукацијата, учењето првенствено се за себе, а потоа за другите околу нас. Моника е веќе возрасна личност, дипломираше пред неколку години маркетинг и навистина сум горда на неа. Нина е седмо одделение и се трудам сè уште да ѝ создадам навика, одговорност, рутина, да ја подготвам за понатамошно едуцирање. Да се има цел во животот, постојано да се надградува знаењето, а особено да се учи и да се работи професијата што се сака. Човекот учи се додека е жив. Знаењето и образованието се богатство кое се стекнува со учење, со читање книги, со едуцирање, кои се важни за градење една комплетна личност.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## ВАСИЛКА ПОПОСКА-ТРЕНЕВСКА,

**поранешен амбасадор на Македонија во Австрија**





# ПОПОВСКА-ТРЕНЕВСКА: МАКЕДОНИЈА ВО СКОРО ВРЕМЕ НЕМА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА ЕУ, ПРОБЛЕМОТ ЛЕЖИ ВО НАС САМИТЕ

Промената на Уставот можеби нема да биде клучен услов за прием на нашата земја во Европската Унија. Проблемот лежи во нас самите, а за тоа кога Македонија би можела да стане членка, мојот краток одговор би бил – не во блиска иднина, вели Василка Попоска-Треневска, поранешна амбасадорка на Македонија во Австрија. Таа во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент вели дека и Европската Унија треба да се реформира однатре. За македонската дипломатија е согласна дека е и партизирана


Попоска-Треневска: „Македонија не би можела да стане членка на ЕУ во блиска иднина."

и професионална. На мисии многумина биле пратени по политичко-партиска линија, но сепак има и поединци кои ѝ се посветени на афирмацијата на сопствената земја и со право ја заслужуваат титулата. Еден професионален дипломат, вели таа, треба да исполнува неколку клучни услови.




Попоска-Треневска: „Македонската дипломатија е партизирана."

**Во Македонија се одржа Самитот на ОБСЕ. Дали ги исполни очекувањата?**

Огромно е значењето што бевме домаќин на Самитот на ОБСЕ, посебно што акцентот беше ставен на неколку клучни области, како решавањето конфликти, човековите права и сајбер-безбедноста, особено во овие времиња на зголемена геополитичка неизвесност во евроатлантскиот регион. Што се однесува до тоа дали ги исполни Самитот очекувањата, тоа навистина зависи од перспективата, како и од тоа што се надевавме да постигнеме со овој настан. Во деновите пред Самитот, атмосферата беше полна со исчекување, обележана со важни случувања како што се издавањето соопштенија од балтичките земји, Полска и Украина. Ова беше реакција на потврденото присуство на рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров, во услови на тековното руско ембарго. Оваа ситуација првично го доведе во прашање претседавањето на Естонија со ОБСЕ во 2024 година. Меѓутоа, преку конструктивен дијалог и духот на соработка што го отелотворува ОБСЕ, на крајот беше постигнат консензус Малта да ја преземе оваа престижна улога. Еден од најважните моменти на Самитот беше несомнено присуството на лидери од висок профил како што се американскиот државен секретар Антони Блинкен и рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров, иако во различни периоди. Нивното присуство понуди единствена, иако неискористена можност за директен дијалог и конфронтација на критичните прашања со кои се соочува ОБСЕ, особено конфликтот во Украина и другите значајни глобални предизвици. Оваа неискористена шанса ја отсликува сложената реалност на меѓународната дипломатија и тековните напори за надминување на овие предизвици во рамките на форуми како што е ОБСЕ.

**Имаше различни размислувања околу Самитот. Како дипломат, дали сметате дека организацијата е спасена или е потребна трансформација?**

Има различни перспективи за влијанието на Самитот и улогата на ОБСЕ, како одраз на повеќеслојната природа на меѓународната дипломатија. Кога се разгледуваат активностите на ОБСЕ, особено ангажманот на ОБСЕ во Македонија и во поширокиот балкански регион, можеме да го цениме неговиот значаен придонес. На пример, ОБСЕ беше инструмент во поддршката на демократските процеси, поттикнувањето на меѓуетничкиот дијалог и промовирањето на човековите права во овие региони. Напорите на организацијата за унапредување на слободата на медиумите, зајакнување на судските реформи и нејзините набљудувачки мисии во постконфликтните области се забележителни примери за нејзината посветеност на стабилноста и мирот на Балканот. Со оглед на експанзивното влијание и мисија на ОБСЕ, неговата релевантност во денешниот геополитички пејзаж,

особено имајќи ги предвид неодамнешните вооружени конфликти во Европа, стана поизразена. Според тоа, организацијата не само што ја задржува својата важност, туку може и да ја најде својата улога, сè поважна во навигацијата и ублажувањето на сложеноста на тековните меѓународни односи. Оваа перспектива сугерира дека иако ОБСЕ продолжува да ги исполнува своите основни цели, организацијата исто така се наоѓа во момент каде што трансформацијата и адаптацијата би можеле дополнително да ја подобрат нејзината ефикасност во справувањето со современите глобални предизвици.

**Имате искуство како дипломат во Австрија. Австрија стана дел од ЕУ во 1995 година. Како изгледаа преговорите тогаш? Имаше ли земја-членка што беше против и која наметнуваше прашања што не се дел од Копенхашките критериуми?**

Во тоа време бев млад професор. Она што се сеќавам, и она што го покажа историјата, е дека ентузијазмот за членство беше усогласен со способноста на Австрија да ги исполни своите обврски. Австрија се смета за пример за целосно исполнување на критериумите од Копенхаген, и да не заборавиме дека Германија, една од основачите на ЕУ, цврсто ја поддржа нејзината кандидатура.

**Македонија е земја кандидат 18 години. Колку време ѝ требаше на Австрија од кандидатскиот статус до полноправно членство?**



Василка Попоска-Треневска со екс-канцеларот на Австрија, Себастијан Курц.

Од 1955 година Австрија имаше статус на неутрална земја, но по падот на Железната завеса и на Берлинскиот ѕид, овој статус стана минато. Австрија потроши цели 6 години усогласувајќи го своето национално законодавство со правото на ЕУ, ако се сеќавам точно. Решеноста да се обезбеди усогласување беше присутна во сите политички сфери.

> ПОПОВСКА-ТРЕНЕВСКА: **ЕУ ТРЕБА ДА СЕ РЕФОРМИРА ОДНАТРЕ, МАКЕДОНИЈА БЕШЕ ЗАЛАЖУВАНА СО МОРКОВ.**

**Според Вас, кога би станала реално Македонија земја-членка на ЕУ, со оглед на тоа што процесот е условен со уставните измени, односно западните дипломати отворено ни сугерираат дека ако сакаме во ЕУ, мораме да го смениме уставот?**

Промената на Уставот можеби нема да биде



Попоска-Треневска: „Дипломатот мора да биде многу внимателен, бидејќи преку него земјата-домаќин создава впечаток за земјата што го праќа во мисија."

клучен услов за прием на нашата земја во ЕУ. Проблемот лежи во нас самите, како што истакна амбасадорот од Холандија, Дирк Јан Коп. Накратко, треба да се соочиме со „епидемија на корупција", како што посочи американската амбасадорка Ангела Агелер, недостигот од владеење на правото и нефункционалниот политички систем на сите нивоа и во сите сфери. За тоа кога Македонија би можела да стане членка, мојот краток одговор би бил: не во блиска иднина.

Во ЕУ веќе има иницијатива за измена на начинот на гласање и од консензус да се премине на квалификувано мнозинство. Можно ли е ова да се изгласа и земјите-членки да се откажат од правото на вето?

Дали е можно да се гласа за промена на методот на гласање во ЕУ: од консензус до квалификувано мнозинство? За жал, потребен е консензус и за промена на консензусот. Следствено, верувам дека ќе има сериозни преговори и убедувања меѓу членовите за таква промена. Лично, мислам дека правилото за консензус покренува низа проблеми. Иако системот треба да обезбеди целосно усогласување на Заедницата, во сегашните услови тоа е нереално. Драстичните разлики во економскиот развој на членките, како и недостигот од каков било ефикасен систем за решавање спорови, значат дека консензус е речиси невозможно да се постигне за кое било прашање, а камоли за спорните прашања. Лесно беше да се донесе консензус како алатка за донесување на одлуки меѓу шесте земји основачи на Заедницата за јаглен и челик во 1957 година, но денес – особено по приемот на некои земји од поранешна Источна Европа – консензусот стана товар за повеќето членки и оружје за другите.

**Потребно ли е ЕУ да се реформира однатре?**

Дефинитивно! Ако со внатрешна реформа разговараме за иднината на политичкиот плурализам во еден наднационален политички субјект. Би сакала да видам понатамошни реформи насочени кон подигање на важноста и авторитетот на Европскиот парламент за одредени прашања.

**Дали сметате дека Бугарија, а претходно и Грција го злоупотребуваат членството во ЕУ во однос на Македонија?**

Навистина вознемирува начинот на кој Македонија беше залажувана со морков пред лицето за членството во ЕУ и НАТО. Искрено, долго време се надевав на помалку антагонистичко и опортунистичко однесување од земји-членки.

**Како поранешен амбасадор, која е Вашата оцена за македонската дипломатија, дали е повеќе партизирана или професионална?**

И двете. Практиката покажува едно неспорно

сознание: не секој што е на платен список на Министерството за надворешни работи може и треба да се смета за „професионалец". Во изминатите неколку децении од формирањето на Министерството, многумина беа испратени во мисии по политичко-партиска линија, иако таму не им место. Сепак, неспорно е дека имало и има поединци посветени на афирмацијата на сопствената земја и со право ја заслужуваат титулата професионални дипломати. Мора да го признаеме и вредниот придонес во создавањето на македонската дипломатија и на македонските кадри што ги наследивме од поранешната југословенска дипломатија.

**Колку придонесуваат нашите дипломати во афирмирањето на државата од секаков можен аспект, оти честопати слушаме за нивната неактивност, па дури и имало случаи каде што се поврзуваат со некои скандали?**

Клучна обврска на дипломатот е да ја афирмира земјата што го праќа. За жал, тоа не е случајот секогаш, бидејќи се покажа во изминативе три децении македонска дипломатија дека не секој што е испратен во мисија сериозно и одговорно ги сфаќа обврските и задачите што му се поставени. Имавме многубројни случаи на недисциплина, скандали, неодговорно трошење ресурси, па и случаи на работа за туѓи интереси и држави.

**Како би требало да изгледа според Вас професионален дипломат?**

Има неколку елементи кои секој дипломат треба да ги исполнува: 1. да биде комплетна личност, со познавање на домашните и на меѓународните прилики; 2. добро познавање странски јазици; 3. посветеност и одговорност кон работата и мисијата, без разлика на кое ниво е испратен во мисија. Дипломатот мора да биде многу внимателен за својот изглед и однесување, бидејќи преку него земјата-домаќин создава впечаток за земјата што го праќа во мисија.



Попоска-Треневска: „Австрија се смета за пример за целосно исполнување на критериумите од Копенхаген."

# БОЖИКНИТЕ ПАЗАРИ НИЗ ЕВРОПА:

## ЗИМСКА БАЈКА ЗА КРАЈ НА ГОДИНАТА

Замислете го ова: во студена зимска ноќ одејќи по тесните улички со калдрма, од двете страни новогодишните светилки од кафулињата и продавниците ве примамуваат да влезете внатре. Внатре на топло покрај каминот можете да се напиете топло чоколадо, греано вино или кафе, а во бутиците да купите се што ви треба по поволни цени. Низ прозорецот гледате замок во магла на ридот пред вас. Уличката пред вас е мешавина од вистинска веселба: карамелизирани ореви печени во шеќер, варено вино што се става во висока шолја за кафе и печено месо на отворен оган. Рачно изрезбани дрвени тезги на кои се продава храна, пијалаци и рачно изработени ситници се наредени низ улицата, секоја поукрасена од другата. Бучавата е огромна: се пеат божикни песни додека децата јадат шеќерна волна во боите на виножитото. Ова е приказна за божикните пазари низ Европа кои оваа зима пленат со сиот свој сјај.

## СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА

Француският град Стразбур е идилично место за посета во кое било време од годината, но во декември, дефинитивно го заслужува својот прекар како „Главниот град на Дедо Мраз“! Овој град го има еден од најдобрите божикни пазари во цела Европа и е неверојатно место за посета за време на празничната сезона. Со прекрасно украсени тезги отворени секој ден од 24 ноември до 24 декември, ќе се најдете опкружени со треперливи светла и обилни украси. Катедралата во Стразбур се издигнува над пазарот, а на плоштадот има дури и вистинска елка високо 30 метри.

Улиците се декорирани во новогодишно руво, хотелите со полудрвени мечиња, осветлената катедрала Нотр Дам со ангели ги покрива околните улички. Многу одлична храна, пијалаци и рачно изработени подароци. Има повеќе од 300 тезги, па затоа ве чека огромно шопинг задоволство!

Ако имате време, упатете се во планините Возгес, каде што се одгледува огромното дрво во Стразбур, и одете на некои од божикните пазари таму! Во регионот Алзас, местата Рибовиле, Кајзерсберг, Егисајм и Риквир се апсолутно магични за Божик!



**Стразбур, Франција.**
*Извор: pinterest*

## КЕЛН, ГЕРМАНИЈА

Келн, Германија, е еден од најпопуларните божикни пазари во Европа, со добра причина! Со седум пазари низ градот, сите со различни теми, нема да ви недостигаат работи што треба да ги видите и да ги направите овде. Големи, раскошно украсени божикни пазари светкаат низ градот. Убедливо најголем е пазарот на катедралата во Келн, кој се одржува надвор од импресивната катедрала, со жива музика, огромно дрво и со топло варено вино. Омилен на многумина им е и Ангелскиот пазар, кој ќе го најдете на плоштадот Нојмаркт. На овој оригинален пазар ќе ве пречекаат жени облечени во костими на ангели кои им делат слатки на децата. Има и прекрасен рингишпил и украсени шолји совршени за носење дома како сувенири. И во Николаусдорф или „NicholasVillage“ во Рудолфплац исто така вреди да се запре! Многу полудрвени светкави структури создаваат чувство на вистинско божикно село.

**Келн, Германија.**
*Извор: pinterest*



## ВИЕНА, АВСТРИЈА



**Виена, Австрија.**
*Извор: pinterest*

Австриската престолнина Виена е домаќин на неверојатни божикни пазари уште од 1296 година. Ќе видите прекрасни згради украсени со панделки. Постојат неколку големи пазари лоцирани низ градот, секој со свое уникатно чувство.

Најпопуларниот е веројатно на Ратхаусплац пред прекрасното градско собрание. Со над 150 куќички, ова е еден од најголемите во Европа. Совршен е за купување подароци и за поткаснување. Овде можете да пробате и едно од највкусните варени вина во Европа.

Ако сакате да доловите потрадиционални божикни чувства, тогаш упатете се кон божикниот пазар во Спителберг. Тој се наоѓа во пешачка зона во овој кварт на Виена и се состои од мали, индивидуални куќички. Овој пазар е совршен за романтична прошетка.

Еден од поомилените божикни пазари во Виена е Старовиенскиот божикен пазар на плоштадот Фрајунг (гер.:Altwiener Christkindl-markt). Овој пазар се наоѓа во прекрасен парк и изобилува со навистина опуштена и шармантна атмосфера. Тоа е совршено место за да земете чаша топло чоколадо и парче захер-торта.

## БАЗЕЛ, ШВАЈЦАРИЈА

Базел во Швајцарија е шармантен град кој се наоѓа на реката Рајна и е познат по прекрасниот Стар град, средновековната архитектура, музеите и, секако, божикните пазари! Овој град има еден од најдолговечните божикни пазари во Европа, кој датира од 1521 година.

**Базел, Швајцарија.**
*Извор: pinterest*



Главниот пазар се наоѓа во Мунстерплац и е исполнет со прекрасни рачно изработени производи, голем избор на храна и пијалаци и треперливи светла. Задолжително пробајте ги вкусните „баслер лакерли“, зачинети бисквити кои се локален специјалитет.

Постојат и неколку други пазари лоцирани низ градот, вклучително и еден на плоштадот пред прекрасната катедрала во Базел изградена со црвен песочник. Ова е одлично место за божикен шопинг бидејќи ќе најдете сè на едно место, од накит до дрвени играчки.

## ТАЛИН, ЕСТОНИЈА

Талин во декември изгледа како кристална снежна топка која оживеала во реалноста. Талин, главниот град на Естонија, е средновековен град со чувство на бајка преку целата година. А за време на Божик, магијата како да е уште поголема.  Со треперливи светла, покриви прекриени со снег и божикни песни во воздухот, Талин наликува на слика извадена од книга со приказни.

Главниот пазар се наоѓа на Плоштадот на градското собрание, пред прекрасното средновековно здание на собранието. Ова е еден од најголемите пазари во Талин и е совршен за купување подароци и сувенири. Ќе најдете рачни изработки на естонските занаетчии, украси и многу места за јадење. Ова е одлично место за да облечете рачно изработен волнен џемпер и да се дружите со звуците на музиката во живо и забавата ноќе.

Ако барате нешто малку поинакво, проверете го квартот Ротерман. Овој пазар се наоѓа во стара зграда за складирање сол која е претворена во трговски центар. Тоа е навистина уникатен амбиент за пазар, и тука ќе најдете многу одлични подароци и сувенири.



**Талин, Естонија.**
*Извор: pinterest*

## БРИЖ, БЕЛГИЈА

Бриж е прекрасен град кој се наоѓа во северозападниот дел на Белгија. Најпознат е по своите канали, улици со калдрма и средновековна архитектура. Божикниот пазар се наоѓа во историскиот центар на градот и е еден од најамбиенталните пазари во Европа.

Ќе ги најдете сите вообичаени производи на белгискиот божикен пазар, како белгиско чоколадо, вафли и пиво. Но, ќе најдете и предмети како свеќи и рачно изработени дрвени играчки. Секоја година плоштадот Гроте се трансформира во најголемиот божикен пазар во Бриж, а во центарот ќе најдете лизгалиште. Можете исто така да се упатите на плоштадот Стевин за уште повеќе божикни прослави.

**Бриж, Белгија.**
*Извор: pinterest*






**Хелсинки, Финска.**
*Извор: pinterest*

## ХЕЛСИНКИ, ФИНСКА

Хелсинки, Финска, нуди уникатно искуство на божикниот пазар, бидејќи не се работи само за тезгите на пазарот, туку и за лизгалиштето што се поставува на плоштадот Сенат. Толку е празнично и убаво да се лизга со Хелсиншката катедрала во заднина.

Самиот пазар има ракотворби на финските занаетчии, заедно со традиционалната храна како ќофтиња од ирваси, кои можете да ги најдете во Стариот пазар. Ова е еден од ретките пазари каде што можете да најдете храна во затворен простор, па затоа е совршен ако одите во постудено време или ако ви треба само одмор од студот. Ќе најдете и рачно изработени новогодишни украси, стакларија и текстил.

Уникатни во Хелсинки се и сауните лоцирани веднаш до тезгите за божикниот пазар (глог е финската верзија на варено вино). Така, може да видите некој како излегува од сауна само со крпа и како фаќа варена кригла со вино што испарува!

**Инсбрук, Австрија.**
*Извор: heleneinbetween.com*



## ИНСБРУК, АВСТРИЈА

Инсбрук е шармантен град кој се наоѓа на австриските Алпи, а неговиот божикен пазар не е ништо помалку од магичен. Со над 80 тезги, тој е еден од помалите пазари во Европа, но надоместува со својот прекрасен амбиент. Пазарот се одвива на стариот градски плоштад, а хоризонтот го сочинуваат врвовите на Алпите покриени со снег.

На овој традиционален пазар ќе ги најдете сите вообичаени производи на австрискиот божикен пазар, како што се варено вино, колач од ѓумбир и печени костени. Но, ќе најдете и некои понеобични предмети како крапфен (пржени топчиња од тесто исполнети со џем) и кернол (масло од семки од тиква).

## КОЛМАР, ФРАНЦИЈА

Сместен во регионот Алзас во Франција, Колмар е навистина град од бајките, а не разочарува ниту неговиот божикен пазар. Со над 300 тезги, ова е еден од најголемите пазари во Франција. Се наоѓа во прекрасниот стар град, кој е полн со полудрвени куќи, канали и улици со калдрма.

Самиот пазар е неверојатно празничен, со огромна новогодишна елка, сцената на раѓањето во природна големина и импресивен светлосен приказ. Овде ќе ги најдете сите традиционални омилени француски деликатеси како варено вино, колачиња од ѓумбир и вкусна алзаска чорба. Исто така, се нуди широк спектар рачно изработени подароци и украси.



**Колмар, Франција.**
*Извор: pinterest*



## БУДИМПЕШТА, УНГАРИЈА

Божикниот пазар во Будимпешта е еден од најубавите во Европа и се одржува на плоштадот Верешмарти пред прекрасната куќа Гербо од 19 век. Со преку 100 прекрасно украсени тезги, огромно панорамско тркало, лизгалиште и сцена на Христовото раѓање, лесно е да поминете неколку часа овде. Исто така, секоја вечер во 19 часот има прекрасно светлосно шоу на фасадата на куќата на Гербо. Пазарот е отворен од 11 ноември до 1 јануари, така што имате доволно време за посета. И не заборавајте да пробате некои традиционални унгарски јадења како што се лангош (пржено лепче) или куртош-колач (во буквален превод: оџак-колач)!

Божикниот пазар организиран пред базиликата Свети Стефан постојано ја освојува наградата „Најдобар божикен пазар во Европа“ што му ја доделува порталот „Најдобри европски дестинации“ (анг.: European Best Destinations). Пред впечатливата базилика Свети Стефан, повеќе од десет години се организира овој пазар, кој не е толку голем како оној на плоштадот Верешмарти, но е подеднакво привлечен. На повеќе од стотина тезги и киосци се продаваат ракотворби и кулинарски специјалитети. Амбиентот е фино уреден уште во почетокот на ноември, а светлосно шоу е проектирано на фасадата на црквата. Огромен венец со четири свеќи е закачен во центарот на областа, а специјални церемонии за палење свеќи се одржуваат во четирите недели на доаѓањето. Во областа е поставено и лизгалиште за возрасни и деца, додека Дедо Мраз ја обиколува областа за да ги поздрави децата и да ги добие нивните божикни писма.

**Будимпешта, Унгарија.**
*Извор: budapest.org*



## МИНХЕН, ГЕРМАНИЈА



**Минхен, Германија.**
*Извор: happytowander.com*

Минхен е познат по својата неверојатна прослава на Октоберфест, но дали знаевте дека има и некои од најдобрите божикни пазари во Европа? Пазарите овде се големи и живи со одлична атмосфера.

Главниот пазар се наоѓа на Мариенплац во срцето на градот. Ова е навистина популарно место, затоа бидете подготвени за метеж. Но, дефинитивно вреди да се види прекрасното шоу на Глокеншпил што се одржува секој ден во 11 часот и напладне. Исто така, има голем број други пазари лоцирани низ градот, па сигурно ќе го најдете оној кој му одговара на вашиот вкус.

Има многу пазари во Минхен, но не заборавајте да започнете со иконскиот Кристкиндлмаркт лоциран во Мариенплац. Оттаму, можете да го изберете класичниот божикен пазар во Нојхаузен, или можеби фестивалот Винтертолвуд што се одржува на терените на Октоберфест.

Ако барате автентично баварско јадење, не заборавајте да ја посетите Хофбраухаус, една од најпознатите пивници во Минхен. Тоа е одлично место за да пробате некои традиционални германски јадења како вајсвурст (бели колбаси) и леберкезе (колбас во вид на леб).



**Хајделберг, Германија.**
*Извор: pinterest*

## ХАЈДЕЛБЕРГ, ГЕРМАНИЈА

Хајделберг не е само седиште на германскиот едукативен систем, туку градот го има и еден од најстарите пазари во Германија, кој датира од 1398 година! Главниот пазар се наоѓа во стариот град на Хајделберг, но не на некој плоштад, туку по должината на Хауптштрасе, главната улица која поминува низ него. Ова е малку поразлично од некои од другите пазари. Можете да пешачите речиси еден километар и да уживате во различни божикни прослави на патот. Прекрасните згради од 16 век и замокот извишен над лизгалиштето прават впечатокот да биде магичен.

Хајделберг во декември се претвора во навистина шармантно место со околу 100 убаво украсени тезги. Ќе најдете многу варено вино и традиционална германска храна како братвурст и переци.





**Прага, Чешка.**
*Извор: pinterest*

## ПРАГА, ЧЕШКА

Ако барате пазар со средновековно чувство, тогаш Прага е местото за вас! Со својата прекрасна готска архитектура и улици со калдрма, Прага совршено се приспособува на празничната атмосфера. Пазарите овде се едни од најуникатните во Европа со прекрасни рачно изработени производи што се нудат на секој чекор.

Главниот пазар се наоѓа на Стариот градски плоштад, каде што ќе најдете прекрасна новогодишна елка, со импресивната црква Тин во заднината. Ова е навистина популарно место, па добро е да бидете подготвени за метеж или да ги следите препораките и да го посетите во работни денови.

Проверете ги пазарите на плоштадот Венцеслас и пазарот на Хавел. Тие се наоѓаат во помодерни области на градот и нудат освежувачка промена за разлика од темпото на Стариот град.



## КОПЕНХАГЕН, ДАНСКА

Копенхаген е главен град на Данска и се наоѓа на источниот брег на земјата. Градот е полн со шарм со своите канали, калдрмосани улици и историски градби. Божикниот пазар се наоѓа во срцето на градот на плоштадот кај Градското собрание.

Ќе ги најдете сите традиционални производи на данскиот божикен пазар како еплскивер (вид палачинка), варено вино и данско божикно пиво. Има и многу тезги на кои се продаваат рачно изработени новогодишни украси, играчки и подароци.

Градините Тиволи се познат парк и е задолжителен за Божик бидејќи се претвора во селото на Дедо Мраз – можете дури и да се возите со „Полар експрес“! Исто така, Когенс Ниторв е еден од најубавите плоштади во Копенхаген и навистина оживува за време на Божик. И не заборавајте да се упатите кон иконскиот Нихавн (во превод: ново пристаниште), каде што ќе најдете и пазар.

**Копенхаген, Данска.**
*Извор: pinterest*






Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC